Зборник на трудови

ПРЛИЧЕВАТА „1762 ЛЕТО“ - СИМБОЛ НА НЕПОКОРОТ НА МАКЕДОНЕЦОТ

Издавач:
НУ - Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид

За издавачот:
Александра Белевска, директор

Уредник:
Елена Долоска

Рецензент и лектор:
Милчо Јованоски

Подготовка за печат:
Елена Пецакова

Печати:
Летра Дизајн

Тираж:
200

Издавањето на зборникот е финансирано од
Министерството за култура на Република Македонија

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

821.163.3(062)

ПРЛИЧЕВАТА 1762 лето : симбол на непокорот на Македонецот : зборник на трудови / [уредник Елена Долоска]. - Охрид : НУ Библиотека “Григор Прличев”, 2013. - 72 стр. : илустр. ; 30 см

ISBN 978-9989-911-60-6

а) Македонска книжевност - Собири
COBISS.MK-ID 94426890

Зборник на трудови

ПРЛИЧЕВАТА „1762 ЛЕТО“ - СИМБОЛ НА НЕПОКОРОТ НА МАКЕДОНЕЦОТ

Охрид, 2013 г.

„ПРЛИЧЕВ - ВЕЧНА ИНСПИРАЦИЈА“

Почитувани,

Минатата, 2012 година со финансиска поддршка од Министерството за култура на Република Македонија НУ-Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид го реализира проектот: „Прличевата 1762 лето - симбол на непокорот на Македонецот“.

Целта беше со неколку активности да се поттикне јавноста, посебно стручната и научната за доистражување на фактите содржани во легендарната песна на Прличев – „1762 лето“ која зборува за укинувањето на Охридската архиепископија и фрла светлина врз минатото на Охрид.

Завршните активности од проектот се одржаа во просториите на Библиотеката на 6 јуни 2012 година.

Беше организирана дебата на која присутните слушнаа три воведни- истражувачки текстови,а потоа имаше и дискусија.

Носител на проектот беше Елена Долоска, вработена во Библиотеката, а проектот го осмисли и во соработка со тим од Библиотеката предводен од директорката Александра Белевска го реализира Милчо Јованоски, новинар и публицист кој беше и модератор на дебатата.

За Григор Прличев најпознатиот македонски преродбеник од 19 век, неговото творештво и најновите сознанија зборуваа: Проф. д-р. Димитар Пандев од Филолошкиот факултет „Блаже Коневски“ од Скопје, новинарот, хроничар и публицист Владо Жура и отец Никола Христовски од Дебарско – кичевската епархија.

Во научните кругови, кога се во прашање македонскиот јазик и литература д-р.Димитар Пандев важи за еден од најдобрите,ако не и најдобар современ познавач на творештвото на Прличев. Тој се осврна на структурата на јазикот на којшто пишувал Прличев, на лингвистичкиот и естетскиот аспект, но и поетскиот порив на авторот видлив во легендарната „1762 лето“. Д-р Пандев го редефинира настанокот на оваа песна и не запозна со нејзиниот живот пренесен низ печатените изданија во Македонија.

Владо Жура е автор на две книги во кои го опишува животот на Охрид во минатото. Жура е вљубеник во 19 век и посебно со гордост од секој агол го истражува животот и творештвото на ненадминатиот Григор Прличев. Од еден сосема човечки ракурс Жура проговори за времето во кое творел и живеел Прличев. На тоа како гледале неговите сограѓани на неговото дело и бурните времиња низ кои минувал Охрид во тој период од историјата. Жура проговори и за култот којшто го има името на Прличев во Охрид и хронолошки не врати во тоа време на кое и сегашниве генерации му се восхитуваат.

Отец Никола Христоски од Дебарско – кичевската епархија зборуваше за Прличев и песната „1762 лето “ од аспект на црквата, црковниот живот и укинувањето на Охридската архиепископија. Се осврна и на значењето на црквата во тоа време и нејзината сестрана улога меѓу народот. Отец Христоски го реконструираше и времето на подемот и падот на Охридската архиепископија и притисоците кои доаѓале за нејзино згаснување од сите соседни цркви во опкружувањето.

Во „Прличевата одаја“ претходно беше поставена изложба на дела од тврештвото на Прличев и за Прличев кои ги поседува Библиотеката. Во соработка со Државен архив на Република Македонија – подрачно одделение во Охрид за првпат беа обелоденети и копии од документи сврзани со животот на Прличев и неговата комуникација со семејството и пријателите.

Во соработка со ВИНАРИЈА – Охрид беше обелоденатa идејата поттикната од д-р Димитар Пандев да се бренидра вино од Охрид кое ќе го носи името на Прличевата песна „1762 лето“.

На почетокот од Дебатата обновениот Ансамбл „Билјана- Јуниор“ од Охрид во целост (цели 18 строфи) ја изведе Прличевата „1762 лето “.

Целата дебата беше документирана како ДВД издание во сопственост на НУ-Библиотека „Григор Прличев“ .

Истата, 2012 година Библиотеката поднесе проект во Министерството за култура за објавување „Зборник на трудови“ кои беа дел од Литературната дебата „Прличевата 1762 лето - симбол на непокорот на Македонецот“.

На почетокот од оваа 2013 г. бевме информирани дека проектот е поддржан и влезен во финансиската програма на Министерството за култура на РМ за годинава.

Истиот авторски тим пристапи кон конципирање и издавање на Зборникот со вметнување на неколку идеи плус кои ја дозбогатуваат трагата за Григор Прличев и фрлаат нов зрак светлина врз неговиот живот и творештво.

Покрај воведните прилози, дискусијата, фотографии и скенирани документи од Државниот архив на РМ - подрачно одделение во Охрид, Зборникот содржи Список на дела од и за Прличев кои ги поседува НУ-Библиотека „Григор Прличев“, список и линк врски за аудио преслушување на неколкуте изведби на песната „1762 лето“ преку Интернет, како и изјави на изведувачите и нивни фотографии.

Со почит,
М-р Милчо Јованоски

Охрид, јули 2013

ЛИТЕРАТУРНА ДЕБАТА

ПРЛИЧЕВАТА „1762 ЛЕТО“ -

СИМБОЛ НА НЕПОКОРОТ НА МАКЕДОНЕЦОТ

6 јуни, Охрид – 2012г.

Носител на проектот: Елена Долоска

Автор и модератор на дебатата: Милчо Јованоски

Текстот е интегрално пренесен од ДВД проектот



Секој писател треба да пишува по духот на народот свој и на својата епоха.

Григор С. Прличев

Александра Белевска – директор на НУ-Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид

Почитувани, добредојдовте во храмов на книгата, во Библиотеката што го носи името на големиот македонски преродбеник Григор Прличев.

Со финансиска поддршка на Министерството за култура на Република Македонија НУ-Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид од месец март интензивно работи врз реализација на проектот: „Прличевата 1762 лето - симбол на непокорот на Македонецот“.

Целта е со неколку активности да се поттикне јавноста, посебно стручната и научната за доистражување на фактите содржани во легендарната песна на Прличев – „1762 лето“ која зборува за укинувањето на Охридската архиепископија и фрла светлина врз минатото на Охрид.

Ви благодарам за присуството на оваа литературна дебата и Ви посакувам плодна дискусија.

Елена Долоска

НУ – Библиотека „Григор Прличев“ од Охрид изминатите две години реализира два прокети: Аудиовизуелни записи на дел од ронднокрајните автори – следбеници на најголемиот македонски литературен творец на сите времиња, охриѓанецот Григор Ставрев Прличев. Со оглед дека годинава е 250 годишнината од Прличевата „1762 лето “ се роди идејата за овој проект, конципиран како литературна дебата за песната на Патрикот чиј аудиовизуелен запис ќе биде составен дел на музејската поставка на роднокрајната збирка на Библиотеката. Но, тоа не значи дека тука се застанува со проектите за ликот и делото на македонскиот литературен творец и национален двигател Прличев, кому македонското потомство и тоа колку многу му должи за што и самиот Прличев кажал: „Ако народот беше развит, то би ми воздигнал (не се срама да го река) монумент.

Владо Жура

ЖИВОТОТ ВО ОХРИД ВО XIX ВЕК

Пред сé нека ми биде позволено едно потсетување - кога зборуваме за Охрид во 19 век, тогаш тој бил една обична провинциска касаба, со мешано христијанско и муслиманско население...на број околу десетина илјади од кои половината муслимани.

Но, кога зборуваме за Прличе, Шапкарев, Миладиновци, Робевци, Зарчевци, Узунче...или Стамче бej, Бујар Лигдо, Нејко челеби..е тогаш простете, не зборуваме за Охрид. Тогаш зборуваме за еден мал дел од Охрид, неговото прастаро јадро наречено Варош, обиколено со големи градски ѕидини....и кое османлискиот завојувач го оставил негибнато со векови, онакво какво што било - христијанска оаза! Во него животот си продолжил со својот вообичаен тек - затоа тој дел викан Варош ги задржува своите специфики во однесувањето, облекувањето, па дури и во музиката и говорот...

Инаку Варош, секако знаете дека бил обиколен со ѕидини, во кои се влегувало некогаш исклучиво низ три градски порти - Долна, која била и најфреквентна, Челна...која за жал денес е разурната и Горна Порта, и ден денеска со огромна окована порта, која во минатото се отворала исклучиво во пазарен ден!

Значи, одиме по ред низ Долна Порта се одело по главната и прастара трговска улица, која денес го носи името на Цар Самуил и тука биле сместени речиси сите трговски и занаетчиски дуќани секако градски фурни. Најпрва била маалата Болница, најбогатата односно чорбаџиска маала со прекрасни зданија- куќи значајни за староградската архитектура и прекрасните цркви Богородица и Св Никола Болнички. Од куќите Робески, денешниот музеј и куќата викана Уранија, од неодамна резиденција летна на МАНУ, па сé до катедралната црква Света Софија била маалата Геракомија - односно старечки дом со црквата Св Никола Геракомија. На ридот над катедралната црква била маалата Фардаќ, а стрмната висока улица Папарница го дели ридот на кој е сместен варошот на два дела Уч кале со Горнисаре/Самуиловата Тврдина и другиот дел на исток викан На дебој.

Левиот дел од ул. Папарница, денеска Илинденска ги опфаќа маалите: Св Врачи Кузман и Дамјан, Пандонос, се разбира кулите и некогашната единствена маала населена со муслимани, според преданието исламизирани староседелци охриѓани Имарет односно Плаошник. Имарет бил назив за народната кујна која работела во состав на џамијата подигната врз манастирот изграден на темелите од старата Св. Климентова црква, и во таа кујна се делело секој ден леб за сиромаси, без оглед на верска припадност, а еднаш неделно, мислам во среда и кешчег, односно ашуре - варена пченица не густа ами повеќе течна!

На спротивниот рид на Дебој- каде што биле депоата и арсеналот околу црквите Св.Димитри, Св. Богородица Перивлепта и Св. Цар Константин и царица Елена била маалата Димитри, значи од Горна Порта, па се до маалата Челница, во која покрај челната црква Богородица, тука се и црквите мали Св. Врачи, Св. Никола Чудотворец, а секако изумив да споменам и ред други цркви... Надвор од Варошот како посебна рибарска населба се издвојувала маалата Канео над која се издигнува прекрасната црква посветена на Св. Јон Богослов.

Христијански маали биле и Кошишча на северниот дел од ридот, а во низинскиот дел имало и две влашки села, подоцна маали Горна и Долна влашка маала кои настанале по прогонот на влашкото население од арнаутските краишта.

Подемот на Охрид започнува кон крајот на осумнаесеттиот век, за својата кулминација да ја доживее во втората половина на наредното столетие. Времето на економскиот просперитет и културен напредок се поклопува со владеењето на локалниот господар - полунезависниот Џеладин бег, кој со својата политика успевал од Охрид да направи место спокојно и пристојно

за живеење. Христијанското население во градот било сконцентрирано на двата рида кои се издигале над Охридското Езеро - во маалите Варош и Месокастро, додека муслиманите го имале запоседнато низинскиот дел, надвор од градските ѕидини во кои можело да се влезе исклучиво низ трите добро чувани градски порти - Горна, Долна и Челна Порта. Само господарот со својата одбрана свита имал привилегија да живее во Варошот и тоа на најрепрезентативните локации изградувајќи си за себе три сараи / дворци - еден на местото на Самуиловите дворци, другиот Јени Сарај во непосредна близина на црквата Свети Климент и третиот, најубавиот, Долни Сарај - на една огромна карпа над самото езеро. Во негово постојано опкружување биле исклучиво христијани - како соработници, службеници, послуга...Негов бирник (собирач на данок) бил Тасе Зарче, управници на дворците /сарајдари / биле Никола Рогузар и Ѓорше Шурбан, главниот писар бил Никола Поп Стефанија, дворски лекар Чала Коста, азнатари-благајници Танчевци, баштерзија Срмабожа, пајтонџија му бил Мишо... а најдобар пријател владиката Калиник, па дури и од својата втора жена Ташула не побарал да си ја смени верата и да го прими исламот. Не смееме да го заборавиме мартолозот Кузман Капидан, еден вид шеф на полицијата и заштитник на населението, инаку воспеан од ловороносецот Прличе во поемата Сердарот, кој со својата одбрана дружина долги години се грижел Охрид и околината да живеат спокоен живот. Ваквата политика на бегот придонела Охрид економски да напредува и воедно да стане привлечен како место за доселување од несигурните поблиски и подалечни краишта.

Преминот во новото деветнаесетто столетие во Охрид носи свои белези: појава на нова граѓанска класа - буржоазија, која мошне агресивно сака да учествува во севкупниот живот на градот и да ја дели власта со тогашните чорбации. Охрид, во тоа време имал цврсти трговски врски со јадранските пристаништа - најповеќе со Драч, Дубровник, Анкона и Трст, но заради се почестите грабежи на трговските карвани низ арнаутските предели, трговијата се насочува кон континенталните центри како: Белград, Виена, Лајпциг, Одеса, Цариград....Главно занимање во ова време било ќурчиството - преработка на кожи и крзна од скапоцени животни купувани на западните пазари и продавани преку Солун, Едрене и Бурса во Цариград, како финални производи, наменети за најбогатите жители на султановиот двор. Заради тогашните транспортни услови едно вакво патување на охриѓани траело и по два до три месеци.

Во тоа време локалните власти се носеле и со мислата за поврзување на Охрид со пристаништето Драч по воден пат преку реките Дрим и Шкумба и проширување на трговијата со Персија, па дури и Индија. Трговските врски налагале познавање туѓи јазици заради подобра комуникација, а остварените комуникации и блиски средби довеле до запознавање нови културни обичаи и нивно рефлектирање и пресадување во сопствениот дом, во родното огниште... Богатите охриѓани своите деца почнале да ги испраќаат да стекнуваат образование во Јанино, Атина, Виена...како би можеле што поуспешно да се носат во зделките со странците. Почнало да се води сметка за воспитание на децата од најрана возраст: во Охрид се доведуваат најбистрите учители, кои покрај домородните ученици, привлекле и деца од разни краишта на Македонија / пример : кај Димитри Миладин во Охрид свое образование стекнале Григор Прличев, Кузман Шапкарев, Рајко Жинзифов, Партение Зографски.../

Развиеното ќурчиство и трговија придонесле за развој на занаетчиството, градинарството, сточарството, размена на стоки со блиските балкански пазари - па оттука и потребата од издавање книги за меѓусебна соседска комуникација / Данииловиот Четиријазичник со над 230 фрази и речник на грчки, влашки, албански и македонски (охридско-битолски говор), печатен во 1802, а во 1812 препачатен како Петјазичник со додавка на англиски јазик, па книгите на Георги Захариј Дедов, кој во 1824 г. издава во тогашен Будим `Славјанска граматика`, а да не зборувам и за бројните учебници на Јон Димитриевич Охриѓанин, кој во 1844 издава и еден вистински бон-тон не само за возрасни, ами и ‘за воспитание на децата’, напишан на ‘Славенски јазик’ (со примеси на охридски говор, б.м.), а наменет за употреба во ‘Славено-болгарските училишта’ ... како предвесници на подоцнежните преродбеници - познатите автори на зборници, поеми, учебници Миладиновци, Јанакија Стрезов, Јончe Снегар, Прличе, Шапкарев....Сите тие дале свој огромен придонес за својата татковина или да го парафразирам Прличета со неговата премудра изрека

“Ерколку да бидит чоек шоп и нечесен,пак таткојната му је најмила на векот

З`шчо татко имаме еден- а таткојната је `ногу таткој, мајка имаме една - а таткојната је иљади мајки,братја имаме пет, али десет - а таткојната је небројани братја! Еден чоек шо не си је мил`вит таткојната појке од татка и мајка и појке од себе си, тој не можит да бидит чесен чоек!”

Тука продолжил животот и традицијата на која ѝ се восхитувале бројни патеписци, споредувајќи го Охрид со слободните медитерански градови. Варошани од останатите граѓани биле сметани за патриции. А тие меѓусебно се етикетирале и уважувале со големо достоинство и пиетет. Во секојдневниот живот посебно значајна била улогата на жената! Столбот на секоја фамилија била највозрасната жена во куќата викана Кира Мана (Г-ѓа мајка). Мажот бил тој што печалел, со месеци на туѓина по трговија или даскалувал по други градишта... а жената била вистинскиот господар, а не угнетувана и патријархално ограничувана - како што често се претставува. Посебен впечаток оставало слободното движење на жените по Варошките улици и сокаци, нивната присутност на заедничките веселби, па дури и наздравувањето со чашка в рака на јавно место, што не било случај во останатите градови со мешано население низ Македонија во тоа време. Припомнете си само на ликовите воспеани во трубадурските варошки песни, за Фросина, Деспина, Катуше, Антица, Фанче, Хрисавгија, Зарина, Софица, Русе, кира Катерина, кира Савета, кира Марие... песни испеани во половината на деветнаесеттото столетие, врз кои и потем повеќе од стоипедесет години не се напластил ни најтенок слој прашина, кои сеуште звучат свежо и без нив не може да се замисли ниту свадба, ниту домашна веселба...Но, не сите тогашни песни биле посветени на женските судбини, катадневните животни случки ами имало и бројни песни со патриотска содржина бидејќи кон крајот на педесеттите години од предминатиот век во Охрид започнува народното будење и преродбата- народот станува се посвесен за својата националност, се појавува отпор кон учењето на туѓ и не разбирлив јазик- грчкиот и се јавува желба за воведување на народниот јазик во тогашните училишта. Првата победа веќе била извојувана уште во 1859-та, со отворањето на кошичкото училиште кај Мустревци, но борбата против закоравениот фанариотизам била долга и мачна со поднесување и човечки жртви. По погибијата на браќата Миладиновци, наклеветени и фрлени во цариградските зандани, Прличев, штотуку овенчаниот втор Хомер се враќа од Атина во својата татковина да го продолжи започнатото дело на својот даскал Митре Миладин. Започнува борба со пламени беседи, песни, дејности... Нé е ли слепотија голема да ги слушате децата ваши да ви пеет грцки, та ни тие да разбервет, та ни вие да разбервите! Како ќе дајте одговор пред Господа вие шчо си и ослепивте чедата ваши со ј`зик чужци, мртов и најм`чен!`-им се обраќа даскалот Прличев на своите сограѓани. Следуваат дни, месеци и години на клевети, прогонства/сурѓун, затвори... но преумниот Прличе не се дава- пишува беседи за народно будење, па дури и песни кои се општо прифатени како онаа за последниот охридски патрик-1762 лето, па: „Бегајте Грци не ве сакаме“... и ред други прекрасни стихови кои ги чита на разни поводи пред мноштво свои сограѓани.

За да го воведе народниот јазик во сите охридски училишта се решава да замине во Цариград и таму да го проучува словенскиот јазик. Нашиот поет бил добро запознат и со процесот на националната еманципација и со воведувањето на народниот јазик во писменоста кај другите јужнословенски народи- „Сите народи си учат свој јазик а само ние учиме ј`зик чужц и најм`чен. Беше потребно да имав глас огромен, како грмеж, за да викам и од гласот мој да се занишет темелите од црквата и кубето да се разделит, да се распрчкат гласот и да се чуе насекаде!“

Тоа било во 1868 г. кога Прличев ја напишал „Кратката Славјанска граматика“ и го вовел мајчиниот јазик и во охридските централни грчки училишта- заемното и класното.

Есента, октомври 1869 –та „бидејки никоја куќа не е без лозје“, Прличев решил да го искорени старото. Како што е обичај во нашиов крај напомош имал викнато повеќе пријатели и роднини и други гости. А според раскажувањата, тука тој имал околу 600 лозинки. Како што забележал и самиот тогаш за прв пат се испеала песната „1762 лето“!. „Солзите потекоа од очите на гостите, не толку од вредноста на стиховите, колку од страста со која се испеа. Таа песна помогна во искоренувањето на грцизмот многу повеќе од сите наши прежни подвизи.“

Оваа песна, наеднаш потоа, не само во Охрид, туку и во цела Македонија, и не само против грцизмот, туку против сечија тиранија, стана бунтовна химна што ги прославува праисконските корени и духовни достоинства на нашиот род, низ вековите до денеска. Сведоци сте дека стиховите на песната и денденеска делуваат свежо и постетуваат на нашето славно минато, а и мелодијата за која се претполага дека ја напишал Миле Сопаче, охридскиот образуван пцалтос-певец и еден од двата најинтими пријатели на Прличета, ги инспирираат и денешните како автори, така и репродуктивни уметници не само во Охрид, низ земјава ами и многу, многу пошироко!

Димитар Пандев

ОБЕДИНУВАЧКАТА МОЌ НА ПЕСНАТА „ХИЛЈАДА И СЕДУМСТОТИН ШЕСТДЕСЕТ И ВТОРО ЛЕТО“

Историски контекст на песната

Авторот на песната „Хилјада и седумстотин шестдесет и второ лето“, Григор Прличев, бездруго е највосфалуваниот но и најоспоруваниот културен деец на македонскиот преродбенски период: восфалуван во сопствената македонска општествена средина, а оспоруван во дел од соседните средини во кои се приопштувал или бил приопштуван во времето во кое живеел и во кое творел, во последниот век на времетраење на Отоманската империја и во првите години на оформување на грчкиот, подоцна и на бугарскиот национален идентитет, во почетоците на згуснување на пропагандните мрежи околу Македонија и на пројавениот европски интерес за Балканот. Во еден таков преплет на состојби, исполнет со пресвртни настани, тој е најупорниот литературен патешественик и највиртуозниот јазичен скитник не само во македонската литература, која уште пред неговото време си имала обезбедено определена своја самобитност со творечките заложби на првите автори на македонските печатени книги (Пејчиновиќ, Крчовски, Синаитски) туку и меѓу балканските, па и меѓу европските народни култури, испречени пред предизвикот за национално себепронаоѓање на јазичнокултурната карта на светот. Соочен со предизвици од различен вид (образовен, црковен, домашен), во своите литературнопоетички пребирања го надминал дострелот на Хомер, а во своите јазични (просторновременски) лунsања се доближил до свети Климент Охридски, угледувајќи се, во секој свој творечки миг или на едниот или на другиот, и запаѓајќи во крајности кои го издвојувале од времето и од просторот на сопственото битисување. Всушност, тој го прифатил предизвикот на своето време и простор да создава литературни дела во различни форми и на различни јазици, исто како што го прифатил предизвикот да биде еден од предводниците на движењето за слобода на својот народ.

Тој е првиот македонски автор што ќе ги заблуди со своето дело самовљубените во својата историја и култура, Грци, но и првиот македонски народен предводник во народната борба против грцизмот во Македонија, прв што ги крева Охриѓани на бунт против грчкото влијание во Охридската црква и прв што презема една од предводничките улоги во македонското национално движење. Како народен трибун воспоставува врска со широките народни маси и им влева народно (не само: верско) чувство, во почетокот различно од она на Грците, а потоа и од она на Бугарите. И бездруго, тој е еден од првите што ќе им отвори пат на македонистите, предупредувајќи ги, со примерот на својот творечки профил, да не потпаѓаат под влијанијата на соседните (исти по вера), инаку штотуку ослободени, народи но со силни претензии кон неослободената македонската територија, до која бездруго можеле да дојдат најбезболно по пат на духовна (што ќе рече: институционална црковна и образовна) асимилација на македонскиот народ. Треба да се има предвид дека во времето на Прличевото книжевникување, во Македонија една по една се вкрстуваат пропагандите на соседните народи и постапно го разнебитуваат на разни начини, а првенствено преку црквата и образованието, македонското национално ткиво, кое во секој неотомански т.е христијански пристап согледувало извесна нишка за своја слобода.

Македонските културни дејци еден по еден ги сфаќале злите намери на соседите, првенствено преку судбината да не можат да ја остварат својата творечка величина, токму затоа што не се тоа што исконски никогаш не биле а ги принудувале да бидат. Впрочем, на анонимно (со иницијали) гркофонски пројавениот Прличев, инаку бескраен вљубеник во античката литература и беспрекорен познавач на грчкиот јазик, му успеало да ги победи прославените грчки поети, но тие никогаш не му дозволиле да биде поголем од нив, исто како што Бугарите никогаш не им дозволиле ниту нему, ниту на нешто повозрасните од него што биле негови современици (Партениј Зографски), но никако на помладите од него што биле и негови воспитаници (лозарите), да решаваат за прашања од заеднички интерес за Бугарија и за Македонија. Со други зборови,

Македонците биле прифаќани во „елитните друштва“ на соседните народи, само ако се откажеле од својот јазичен, културен и национален идентитет и ако работеле само во полза на нивните каузи. Интересот на соседите бил само еден, Македонија да е нивна, а во секоја ослободителна, за Македонците од турското ропство, опција, Македонците, асимилирани, (о)станувале граѓани од втор ред.

Прличев им припаѓа на првите генерации осознаени и солидно граѓански образовани Македонци кои врз своја кожа го почувствувале залетот на туѓите пропаганди и кои јасно истапиле против.

Во таа смисла, токму песната „Хилјада и седумстотин шестдесет и второ лето“ опстојува до ден-денес како совршен доказ за Прличевиот историски одговор против грчката асимилација на македонскиот духовен простор.

Впрочем, Прличев инсистирал на совршенство или смрт, што од аспект на културната промоција на песната е аналогно на револуционерното „Слобода или смрт“. Да не се лажеме, како што знае да започне неговиот помлад соборец во својата епистоларна (писмовна) промоција на македонската кауза само три-четири години по ракописната верзија на Прличевата автобиографија и неколку години пред нејзината печатена првообјава, неговиот сотатковинец Темко Попов, па и како што покажува натамошниот тек на настаните што ја овозможуваат слободата на (дел од) Македонија: до совршенство на сите (литературнојазични) форми се доаѓа само во слободна татковина преку непречена употреба на македонскиот литературен јазик во сите области на општествената комуникација. Во тој контекст да прецизираме, песната „1762 лето“ е составен дел од веќе претходно дведецениската разгорена македонска црковноучилишна борба, водена првенствено преку пламени (црковни) говори пред населението и преку (школски) учебници на македонско наречје за наставни потреби пред генерации од различни возрасти, а ја дожувува својата надалеку позната авторска печатена верзија во времето на разгорената македонска револуционерна борба во која македонската народна поезија е нејзин составен дел. Станува збор за тнр „учителска“ поезија во која учителите (збор што е и револуционерен код за народни поети) ги следат чекор во чекор македонските револуционери со цел бележење на нивните современи подвизи, што вклучувало и бележење на сите настани поврзани со народниот отпор.

Во таква ситуација Прличев, бездруго, како највозрасен меѓу учителите но и како ревносен забележувач на учителските (редум со револуционерните) раздвижувања во Македонија со цел да го обелодени, го запишува во автобиографски контекст речиси пред една деценија испеаниот текст на „1762 лето“.

Тоа е текст што е составен, значи, во зародишот на револуционерната атмосфера во Македонија, но е запишан во почетокот и е објавен во екот на политичката борба, со што се вклучува во уште една јасно нагласена македонистичка димензија – пишување на теми што се однесуваат на сопствената национална историја и што се од интерес за претстојната револуција, всушност, пишува за клучниот историски настан што го оневозможил непречениот развој на македонската нација – укинувањето на Охридската архиепископија, т.е на центарот околу кој биле ориентирани македонските епархии и чие престолно седиште било во Охрид, местото што Прличев го нарекувал „татковина“, нешто што може да сфати како воспоставена синегдоха, аналогна на Миладиновата „поле погледнеш или планина“. Всушност, очите на сите македонски епархии од времето на свети Климент до патријархот Арсениј со чист народен поглед биле свртени кон Охрид, за потоа пред и врз тој историски беспрекорно јасен заглед, со чинот на укинувањето на Архиепископијата, да се заплеткаат конците на што се знае лукави цркви (значи: не само од непосредното соседство туку дури и од прекуморјето и од преку Океанот) што постепено се издигнувале во решавачки фактори за понатамошната судбина на поширокиот регион на неослободената „Отоманија“. Речиси истовремено, тоа што веќе измореният од скитања Прличев го пишува во македонскиот културен центар обединет во солунскиот круг кон кој гравитирале македонските учители и ученици од тоа време, сосредоточувајќи го своето творечко присуство низ автобиографски обединети кроки-забелешки за себеси и за најтесните му опкруженија што го гушеле неговиот немирен дух и низ горливи монолози за училишната стварност, низ другите балкански центри, пред сè, во Белград, пројавените македонисти, и прв меѓу нив Ѓорѓи Пулевски

на широк план и низ обемни дела ја бележат македонската стварна современост и нејзината историја, независно од сите отежнувачко оспорувачки фактори. Македонската историја веќе се забележува, а во тој зафат позицијата на Прличев не е за пренебрегнување. Во тој посег, пак, Пулевски се појавува со своите знаменити речници, да не ги заборавиме и неговите македонско насловени поетски творби, како што е „Македонска песнарка“ па и обемната „Славјанско-македонска општа историја за све пол-островски народности“ за која самиот вели дека „написана је по славјански-македонско наречениje за да ја разбирајет сви пол-островски Славјани“.

На почетокот на македонистичките национално појавени пориви во општественоста на белградската чаршија, оформувана не без македонско слободољубиво воздејство, чиј составен дел бил и самиот Пулевски, стои еден анонимен текст (без да биде посочено името на авторот) на песната „1762 лето“.

Да прецизираме: Прличев е највоздигната самостојна творечка личност на македонскиот 19 век – тој не само што немал поддржувачи, туку напати и самиот не се поддржувал себеси! Прличев има свој препознатливо издигнат македонистички контекст, осмислен и во солунскиот книжевен круг (оформен од Теодосиј Синаитски и издигнат од Партениј Зографски) во кој се создава и неговата „Автобиографија“, чиј составен дел е и песната „1762 лето“, тој е приопштен и кон белградскиот центар, токму со неговата „1762 лето“ во кој самоуверено се движел македонистичкиот поглед на Ѓорѓија Пулевски, тој е распрснат низ цариградскиот центар низ кој се обидувал да објавува свои текстови и во кој се запознал, го проучил и го ставил во дејство црковнословенскиот јазик, составувајќи Граматика на тој јазик, со цел да го вклучи во своето „словенско есперанто“ и да го насочи својот јазичен поглед кон сиот словенски свет. Кон настани од тој и којзнае навистина каков Цариград од тоа време е насочен и погледот во „1762 лето“.

Впрочем, во тој далечен центар на Империјата, чиј составен дел, во Прличево време, била и Македонија (со веќе одамна укината црква), како низ валкан сунѓер чистите македонистички идеи (на Јоан Димитриевич и на Партениј Зографски, двајца еден по друг први универзитетски професори по црковнословенски јазик на Високата богословска школа во Цариград и на други македонистички ориентирани преродбеници, од Јордан Хаџиконстантинов-Џинот до браќата Миладиновци) се исцедувале во неприфатливи капки за туѓи интереси.

Македонистичките импулси на Прличев, токму преку приказната за „1762 лето“ безуспешно бараат своја афирмација и во цариградскиот книжевен круг (од кој подоцна се из’ртува софискиот), низ страниците на весникот „Македонија“.

Пламените говори на Прличев се врвно достоинство на беспрекорната говорна практика на македонски народен јазик во 19 век. Нивно (хорско) ехо, што и ден-денес се одгласува низ македонскиот духовен простор, е „Хилјада и седемстотин шестдесет и второ лето“!

Прличевата „Автобиографија“ е врвно достоинство на автобиографската (рационалистичка) проза во која главен акцент се става на човековото скитање низ стварноста. Но, нејзина отсенка е „1762 лето“. Таа песна како да е втората долгоочекувана победа на поетски натпревар на Прличев. Ако највозвишен настан во животот на поетот е неговата прва победа на атинскиот конкурс (како резултат на неговиот творечки подвиг), настан што не го преповторил на атинска сцена, втората победа се олицетворува во првата ритуална прослава на заедничката борбена сплотеност на Охриѓани (како одраз на народниот подвиг) преку запејувањето на „1762 лето“.

Необјавената (необнародената) претходница на песната „1762 лето“, текстот предаден за печат во весникот „Македонија“ како да има функција на расказен пролог т.е на херменевтички вовед во песната, кој всушност го содржи драматичниот епилог на сплетот од настаните поврзани со укинувањето на Охридската архиепископија. Не може, значи, творечкиот генијна Прличев да твори без испробаните рецепти на античката литература (документарнопублицистичкиот запис за укинувањето на Охридската архиепископија развива една клучна особеност на античката драма: забуната во сличноста на настаните, поплаката против туѓонаметнатата воена управа (јаничарите) и против омразениот управник на Охрид прераснува во поплака против својата црковната управа и против љубимиот архиепископ, а сета таа забуна е прикриен диктат на грчката лукавост поткрепена со грчкото лицемерие. Но, Прличев овојпат ја разделува приказната

од песната, упатувајќи ги на различни адреси и медиуми.

Ако не се активирала приказната (новинарскиот запис) на посочената адреса, тогаш тоа се случува со песната, која по други патишта стигнала до најпрво до читателите на списанието „Читалиште“ во 1872 година, а потоа и до македонистичките адреси во белградската чаршија во форма на анонимен леток, во истата година (1875) кога на истите адреси и пошироко стигнува „Речник од три јазика“ на Ѓ. Пулевски

Постои, значи, литературна врска меѓу Прличевите говори пред охриѓани и „Хилјада и седумстотин шестдесет и второ лето“, исто како постои врска и меѓу другите повеќе или помалку познати дела на Прличев со оваа песна; постои исто така и духовна врска меѓу Македонците од времето кога е создадена песната до времето кога е објавена во контекст на неговата „Автобиографија. Таа е составен дел од сите преродбенски подвизи кон кои се приклучува и писмото што Прличев во 1867 година му го испратил на Петко Славејков во Цариград, со желба пропратната негова статија во тоа писмо „За паѓањето на архиепископскиот трон на Прва Јустинијана“ да била објавена како прилог во весникот „Македонија“, чиј уредник бил самиот Славејков. Прилогот не бил објавен, но останал зачуван во архивата на уредникот на весникот (види поподробно: Ванчо Тушевски, „Ѓорѓија Пулевски и Григор Прличев“ во: Нова македонска книжевност, Менора, Скопје, 2008, с. 199-210.). Овој запис подоцна е објавен во Сборник за народни умотворенија, Софија, г. IV, 1891 (види по подробно: Марко Китевски, „Клетвите во македонското народно творештво“, во: Предавања на XXV меѓународен семинар за македонски јазик, литература и култура, Скопје 1993, с. 148)

Меѓу говорите и песната има уште една мошне значајна заедничка особеност. Имено, тие се појавени најпрво во говорена форма, што е сосема разбирливо за говорите, кои биле (според податоците) громогласно говорени (со силниот Прличев глас) пред охриѓани. Но, истото се однесува и за песната!

Песната е составен дел од „Автобиографијата“, па во тој контекст и самата претставува автобиографски податок од 1869 година, вклопен во низа од автобиографски податоци за една навидум идилична (семејна) атмосфера од односниот период, проследени со коментар за улогата на песната во „народниот подвиг“. Впрочем, во почетокот на годината 1869-та Прличев му се восхитува на звучното словенско пеење што се запазило во Дебар, Кичево и Прилеп, па го осознава неговото исчезнување во Охрид и бездруго сфаќа, имајќи ја предвид светиклиментовата традиција, дека тоа исчезнување не е од памтивек туку од скоро, таа година е исфрлен дефинитивно, по неколкудецениско присуство, елинскиот јазик од охридските цркви и училишта, народната победа ја збогатува со лична, се подготвува за свадба и ја поправа во аманет оставената дедова куќа, на свадбата вкусува речиси за првпат вино...

Според Прличевата „Автобиографија“ „Бидејќи во Охрид никоја куќа не е без лозје, шест месеци по свадбата го искоренивме своето старо лозје и насадивме ново. Според обичајот, ги поканивме на гости работниците што работеа бесплатно. Тоа е првиот пат каде што се испеа песната:

Хилјада и седемстотин шестдесет и второ лето
В Охрида от Цариграда дошел Салаор.
Се претставил пред Арсења, наша Патрика чеснаго,
И му рек’л слово горко, слово жалостно:
„Царска волја е да тргнеш денеска за в Цариграда,
На тебе од врли Грци голем поплак е“.
Собрал Патрик свое стадо, в црква свјатиј-Климентова,
Благослов му дал последен последен, р’це заплетил.
Д’лго време липал старец во м’лчање всенародно
И по бела брада ронел с’лзи горешти.
„Слушајте ме, мили чеда, јас ќе ида в Цариграда:
На мене од врли Грци поплак е.

Грцкиј Патрик ќе ни строши славна Охридска столица
И мене до смрт ќе држи в заточение.
Ќе прати владици Грци, лицем светци, срдцем в'лци.
Ќе ве дават, ќе ве стрижат, ќе м'лзат до крв.
Меѓу народа ќе сејат несогласие и раздори,
Да се мрази син со татка и со брата брат.
Смирени ќе наведете глави доземи.
Ќе ми бидете сираци; така било написано.
Елате ми да ве гушна за последен п'т".
Ч'рна т'га поразила старо, младо, м'жи, жени,
Вси со р'це заплетени с'лзи проливат.
Тој ги гушка, тие т'жни му целуват десна р'ка,
И од р'ка как од извор с'лзи се лејат.
Вјахнал Патрик брза коња и неволно уп'тил се.
Тога грмкиј плач народен небо процепил.
Умилил се честниј Патрик, свалил шапка навезана,
Погледал на сино небо, љуто прок'лнал:
„Ох, послушај, милиј Боже! Хаир никога да немат
Стамче бej и Бујар Лигдо, Нејко Челеби".
Милостивиј Бог послушал Патричка горешта клетва;
Слава нихна, семе нихно погубил со шум.
И сега во куќи нихни ткае пајак пајачина
И на пусти стрехи нивни хукат хутове.

Солзи потекоа од очите на гостите, не толку од вредноста на стиховите колку од страста со која се испеаја.

Таа песна ни помогна во искоренувањето на грцизмот многу повеќе од сите наши прежни подвизи." (според: Григор Прличев, Сердарот. Автобиографија, Матица македонска, Скопје 2003г., с. 127-129)

Разбирливо, Прличев го истакнува само „првиот пат кога се испеа песната" што дури потоа била запишана и за прв пат објавена во весникот „Читалиште" на 1 јуни 1872 година, а три години подоцна се објавува уште еднаш, веројатно забележана според народната меморија и печатена анонимно во Белград во 1875 година. Сепак, најпознатата верзија е од Прличевата „Автобиографија" пишувана во периодот од 16 април 1884 година до 1 мај 1885 година, а печатена во 1894 година во софискиот Сборник за народни умотворенија.

Литературно уметнички вредности на песната

1.

− Во песната доаѓа до израз способноста на авторот да ги преточи народните искажувања (всушност: едноставните народнојазични форми од зацврстени искази до приказни) во сложени пишувани форми, прво во меѓуформи, епистоларнопублицистички, а потоа во чисти поетски форми, песна, преку изделување на поетски мотив што би бил подлога за песна.

− Песната е резултат на авторската комуникација со претходни текстови создадени во народот и зачувани во народното сеќавање и преточени во форма што ќе се помни преку дадена препознатлива ритмика.

− Во песната доаѓа до израз литературнообединувачката моќ на писателите што имаат способност да ја издигнат регионалната литература од сите нејзини појави на повисоко уметничко литературно рамниште.

Приказната што е стилизацијата на народното искажување за настанот Прличев ја преточува во публицистички текст (на грчки јазик) во кој хронолошки ги подредува настаните поврзани

со укинувањето на Архиепископијата. На македонски јазик оваа статија ја среќаваме во: Ванчо Тушевски, „Ѓорѓија Пулевски и Григор Прличев (по трагите на историјата од Ѓорѓија Пулевски)“, Нова македонска книжевност, Менора Скопје, с. 202-203. Во превод на македонски, приказната од оваа статија, според Тушевски, гласи:

„Во она време неказнето беснеле јаничарите. Управникот на Охрид бил туѓинец, жесток грабач (валкан блудник), кој бил противник на многу фамилии. Во таква безнадежна состојба охриѓани испратиле тројца претставници од највидните тогашни семејства Стамбеј, Лигдо и Бодле да се јават до Високата Порта. Тројцата пратеници сметале за добро, уви (олеле) да ги излеат своите солзи право во лоното на мајката!!! великата Христова црква и се јавиле пред тогашниот патријарх Самуил, кој постојано имал намера да нанесе такви рани на цела Бугарија, од кои би растреперило од страв и чувствителното срце на непријателот.

Самуил со лукава насмевка го примил нивното поплакување и им ветил планини и долини. Другиот ден ги однел пред Високата Порта и ги оставиле во дворната просторија спроти царската сала. Пред тоа тој им заповедал најстрого, под закана од полн неуспех, на прашањата да одговараат само така: „не го сакаме, „аман истемеиз“ и ништо друго. Самиот тој се јавил пред султанот, ги претставил на Неговото Величество охридските пратеници и посакал истерување не на управникот, ами на епископот Прва Јустинијана, чие насилство веќе било неподносливо. По заповед на султанот охриѓани три пати биле прашани и трипати одговарале „аман истемеиз“.

По околу два месеци пратеник на султанот (салаор) го турнал на мовчето на цариградското пристаниште нашиот добар архиепископ, кого веднаш го опкружиле мнозина гавази, испратени марионетки на патријархот Самуил. Напразно несреќникот го повикувал бога за сведок на својата невиност и најупорно сакал да се јави пред Високата Порта. Наемниците гавази, верни на претходно договорениот услов, не му дозволиле никаква средба, ами го треснале веднаш заедно со братовиот син Георги, во еден нечист товарен кораб кој ги оставил во светогорскиот манастир Зограф, каде и умреле.

Кога го уништиле на тој начин архиепископскиот трон на Прва Јустинијана, Самуил распратил по цела Бугарија и Македонија фанариотски владици и нему верни светогорци, кои ги гореле бугарските книги, свештениците го предавале грчкото читање, тие што се спротивставуале ги испраќале на заточение или ги предавале на смрт, додека ни го наложија грчкиот јазик, преку кој ние не можеме да напреднеме, зашто не ни е говорен јазик.

Качувајќи се на кораб от, маченикот архиепископ си ја кренал камилавката, која му била падната од нечовечкиот притисок и со кренати раце нагоре и со срчевна воздишка, откако погледнал кон небото, ги проколнал виновниците на неговите страдања. И таа клетва, како и другите, справедливиот бог ја чу.

Можно е тие тројца охриѓани да биле поткупени (што е неверојатно) било со пари, било преку љубезниот прием на медените зборови на патријархот. Можно е тие да биле наполно невини, но всушност тука единствениот нивен грев е дека појавиле лековерност и го пренебрегнале основниот закон, од кој произлегуваат сите други закони и на кој се држат пророците „чувај се“

Веројатно никогаш не оди напразно клетва на незаслужено настрадан свештеник, искажана било против виновни, било против невини. Вистина е дека тие тројца оттогаш до нивната смрт останаа затворени во своите куќи, стравувајќи од упреците на народото во нивното лице или поскоро од својата совест и од сончева светлчина. Сите нивни деца и внуци умреа во безумие, сиот нивни род загина, а нивните блескави куќи сега изгледаат тажно уништени.“

2.

Текстот на песната е сочуван во повеќе пишувани верзии. Првата верзија објавена во Читалиште, 1 јуни 1872 година.

Втората верзија кај нас ја приопштуваВанчо Тушевски во посочената статија. Станува збор за белградската т,е македонскопечалбарската верзија од 1875 година, печатена на одделен лист во печатницата во која ги печател своите книги и Ѓ. Пулевски.

Текстот на оваа верзија гласи:

ХИЛЯДА И СЕДУМЪ СТОТИНИ, ИШЕСЪ ДЕСЕТЪ И ФТОРО ЛЕТО,
въ Охрида отъ Цариградъ Салаоръ дошолъ Мумбаширъ.
Се преставилъ претъ Арсения наша Патрика чеснаго, и му
реколъ слово горко, слово жалосно.
Царска вольа іе да тѫргнишъ денеска въ Цариградъ, на
тебе отъ фѫрли гѫрци големъ поплакъ іе.
Собрал Патрик своіе стадо въ Цѫрква Свети Климентова,
благословъ имъ далъ последенъ, рѫце саплетилъ.
Долго време липалъ старецъ въ малченије све народно, по бела
брада ронилъ сѫлзи горешти.
Слушаите мили чада, ясъ кье тѫргнам въ Цариградъ, на мене
отъ фѫрли гѫрци големъ поплакъ іе.
Гѫрчки Патрикъ кьа ни строшитъ славна Охрицка Столица, а
мене до смѫрти кьа дѫржитъ, въ заточеніе.
Кье пратитъ владици Гѫрци, лицемъ светци, сѫрцемъ вѫлци,
кье ве даветъ кье ве стружетъ, и кье мѫлзет до краи.
Мегю народа ке сее несогласиіе и раздори, да се мразатъ синъ
съ татко, и съ братъ брата.
Кье бидите сираци така било написано, елате ми да ве
гушнамъ, за последенъ пѫтъ.
Кье викните до Бога, крило некье наидите, смирено кье
наведите, глава до земя.
Цѫрна тѫга поразила, старо младо мѫжи жени сви съ рѫце
заплетени, сѫлзи проливатъ.
Тои и гушкатъ тиіе тѫжно му целиватъ десна рѫка,
и отъ рѫка како отъ изворъ, сѫлзи се леятъ
Яхналъ Патрикъ бѫрза конья, и неволно юпутилъ се, тогаи
шуменъ плачъ народенъ небо процепилъ.
Умилилъ се чесни Патрикъ, свалилъ шапка навезана,
погледалъ на сино небо льуто прокалналъ.
Охѣ послушаи мили Божеѣ хаиръ никогашъ да нематъ Станче
Беи; Буяръ Лигдо; Неико Челеби.
Милостиви Богъ послушалъ Патричка горешта клетва, слава
нихна се мена, погубилъ съ шумъ.
И сега въ кукьи нихни ткаяат пѫкъ паячина, и по пусти стреи
нихни, хукатъ Хутове.

Третата верзија е Прличевата, т.е неговата солунско-софиска верзија (авторскоприредувачка, запишана во Солун во 1884/85 г. т.е вклопена во целината на „Автобиографија“ и објавена во Сборник за народни умотворенија во 1894.

Текстот на оваа верзија гласи:

Хыляда и седьмъ стотинъ шестдесетъ и второ лѣто
В’ Охрида отъ Цариграда дошьлъ Салаоръ.
Се прѣдставилъ прѣдъ Арсенья наша Патрика честнаго
И му рѣкълъ слово горко жалостно:
„Царска воля е да тргнешь денеска за в’ Цариграда,
На тебе отъ врлы Гѫрцы голѣмъ поплакъ е.
Събралъ Патрик свое стадо в’ црквѫ Святый-Климентовѫ,
Благословъ му далъ послѣдень, рѫцѣ заплетил.
Дълго време хлипалъ старецъ во мълченье всенародно
И по бѣлѫ брадѫ ронилъ сълзы горещы.
„Слушайте ме, милы чада азъ ке идѫ в’ Цариграда:
На мене отъ врли Гърцы голѣмъ поплакъ е.
Гръцкый Патрикъ ке ни строши славнѫ Охридскѫ столицѫ
И мене до смьрть ке дьржи в’ заточеніе.
Ке прати Владыцы Гърцы лицемъ светцы, сьрдцемъ вълцы,
Ке вы давятъ, ке Вы стрижѫтъ, ке мълзятъ до кръвъ.
Мегю народа ке сѣѭтъ несъгласье и раздоры,
Да се мрази сынъ со татка и со брата брать.
И ке выкнете до Бога и крыло не ке найдете,
Смирени ке наведете главѫ до земи.
Ке ми бѫдете сираци; така было написано:
Елате ми да Вы гушнѫ за послѣдень пѫть.“
Вси со рѫцѣ заплетены сълзы проливатъ
Той гы гушка, тые тѫжни му цѣлуватъ деснѫ рѫкѫ,
И отъ рѫкѫ какъ отъ изворъ сълзы се лѣѭтъ.
Вяхнѫлъ Патрикъ бърза коня и неволно упѫтилъ се.
Тога гръмкый плачь народенъ небо процѣпилъ.
Умилилъ се честный Патрикъ, свалилъ шапкѫ навезанѫ,
Погледнѫлъ на сино небо люто прокълнѫлъ:
„Охъ! послушай милый Боже! Хаиръ никога да нѣмѫтъ
Стамче бей и Буяръ Лигдо, Нейко челеби.“
Милостивый Богъ послушалъ Патричкѫ горещѫ клетвѫ
Славѫ нихнѫ, сѣме нихно погубилъ со шумъ:
И сега во кукы нихны ткае паѭкъ паѭчинѫ
И на пусты стрехы нихны хукатъ хутове.

3.

Споредбено, македонскопечалбарската од 1875 г. и авторскоприредувачката верзија поместена во „Автобиографијата“ го привлекуваат нашиот интерес од повеќе аспекти.

Македонскопечалбарската верзија, всушност, функционира како емигрантска песна. Имено, македонските печалбари-емигранти во Белград ја пееле како своја песна која го опева минатото на македонскиот народ. Јазично, таа е поблиску до особеностите на охридскиот говор, како и од поширокиот регион на западномакедонското наречје (струшкото, дебарското). Особеностите на охридскиот говор се претставени преку карактеристичната употреба на наставката *-м* во прво лице еднина на сегашното време (*гушнам*) и на *-т̄* во трето лице еднина сегашното време. Во текстот наспоредно се употребуваат и охридската форма на партикулата *ќе* за идно време

(правописно: кье) но и формата карактеристична за некои дебарски говори *ќа* (правописно: кьа).

Во авторскоприредувачката верзија по однос на третото лице еднина на сегашното време наспоредно се употребуваат централномакедонската и источномакедонската форма без карактеристичната наставка -*т* која се наложува и како обединувачка особеност на македонскиот јазик, прво како наддијалектна, а потоа и како соодветна на други словенски јазици. Всушност, и преку оваа особеност се согледува стремежот на Прличев да го приближи македонскиот текст до другите словенски јазици по линија на синхронија, а не само по линија на дијахронија, нешто што доаѓа до израз преку привнесените црковнословенизми и русизми. Од друга страна, употребата на генитивноакузативната форма (*брза коња*) го поврзува текстот и со македонската народна песна во која оваа архаична форма е особено функционална во Миладиновско-Прличевото време (се среќава и во првата песна „Јоан Попов и самовила“ во Зборникот на Миладиновци).

Текстолошки, меѓу двете верзии постојат мали разлики во текстот кои може да се резултат на дијалектни разлики се (*ќе тргнам – ќе ида*), на различни читања, т.е интерпретации на текстот (*до крај – до крв*), или пак на стилски разлики (*шумен плач – громкиј плач*).

4.

Песната е особено интересна и од социолингвистични аспект, при што доаѓаат до израз нејзините етнографско-комуникациски особености:

Ситуација: копачење и насадување лозје

Учествувачи: Прличев и Охриѓани

Тема: укинување на Охридската архиепископија во 1867 година–настан од историјата на Охрид и пошироко на Македонија (при што се имаат предвид епархиите во составот на Охридската архиепископија) односно на Македонија и Бугарија кои во времето на првото исполнување на песната се составен дел од Турската империја (при што се има предвид словенската црква во поширок регион на словенските земји под турска власт).

Емигрантската верзија претставува поттик за целосна историја на Македонија, нешто што го остварува Ѓорѓија Пулевски, а авторскоприредувачката верзија во контекст на „Автобиографијата“ претставува метафора на еден несекојдневен ден од охридскиот живот на Охриѓани и на Григор С. Прличев во кој се слави победата над елинизмот во Охрид, по речиси едновековното грчко духовно присуство (од 1767 до 1861 односно 1869 година). Се проследуваат тука Охриѓани и Прличев како нивен народен предводник историски распнати меѓу наметната но отфрлена византиска лукавост и нејзината гркоманска извитопереност и нејасно пресретливиот широк панславизам и неговите стеснети варијанти. Се претставува низ оваа песна и Прличевото литературно сезнајство, неговата упатеност во уметничката (античката и средновековната) литература и во народната. Прличев е поет израснат од народната традиција, но и поет воспитаник врз античката но и врз средновековната црковна литература, што се забележува и од самите текстови и на песната и на статијата. Впрочем, меѓу статијата напишана на грчки јазик и испратено до Петко Славејков и песната напишана на македонски народен јазик со бројни примеси од црковнословенскиот јазик може да се постави истата паралела како меѓу грчката и македонската (општословенската) верзија на „Сердарот“, тоа е таа медиумска заложба на Прличев, да го забележи историскиот настан на два јазика, за две различни публики.

Литературно уметничката врска меѓу двата текста е во мотото „Чувај се“.

Емигрантската верзија е во тесна врска со Тријазичникот на Пулевски, зашто двете се печатени во иста година и во иста печатница (1875 г. во печатницата на Никола Стефановиќ). И тоа е податок што не е за пренебрегнување, зашто емигрантската појава на една национална литература (секако и на македонската) може да се јави било каде и во која било форма. Впрочем, треба да се има предвид дека првите македонски печатени книги се поврзуваат со Будимската печатница, каде исто имало бројна емиграција, следните веќе се во солунската македонска печатница која имала

изразита општественојазична функција, па можела да одигра значајна улога во националното движење на Македонците. По нејзиното уништување, делата што се приопштуваат во корпусот на македонската литература се јавуваат во печатена верзија на разни места во непосредното окружие (Цариград, Загреб, Белград, Софија...) и се дистрибуираат низ Македонија и пошироко. Тоа е судбината и на песната „1762 лето“ а двете верзии во својата сплотеност ја даваат излезната перспектива на македонскиот литературен јазик, токму преку можноста од претпочитање на различни форми во две верзии, преку различни правописни и јазични решенија. Во тој современ контекст, се согледува и стремежот за надраснување на дијалектната но и на црковнословенската јазична подлога, на што се надоврзува стремежот за создавање литературнојазична норма, преку која текстот ќе функционира на поширока јазична територија. Комбинацијата на дијалектни особености од различни говорни подрачја го поврзуваат јазикот на песната со јазикот на текстовите на Јордан Хаџиконстантинов-Џинот и на Рајко Жинзифов.

Во поширок, пак, историски контекст, кај Прличев согледуваме една особеност што се јавува и кај свети Климент Охридски (како одраз на средновековната литература) и што може да се толкува како прифатен образец и во македонска реторика. Имено, говорот да се придружи со песна што соодветствува на според стариот образец житието на светецот да се придружи со похвала. Ако го имаме предвид ова, можеме во статијата „ За паѓањето на архиепископскиот трон на Прва Јустинијана“ да препознаеме и дел од животописот (недонапишано житие од кое недостасуваат првите поглавја а вниманието се насочува кон последните месеци од животот на архиепископот Арсениј. Но и тука го имаме истиот Прличев – авторот на Сердарот, кој по углед на античките трагедии го насочува вниманието на настаните што следат по смртта на Кузман, вклучувајќи претходни настани по пат на ретроспекција, комбинирајќи ги притоа сонот и јавето, што е особеност и на средновековната литература.

Впрочем, структурата на песната во себе вклучува четири „драмски“сцени (општествени ситуации) со три обраќања меѓу нив (монолози без одговор), од кои првиот е на гласникот, а другите две на патрикот Арсениј. Монологот на гласникот е индиректна наредба, додека првиот монолог на Арсениј е благослов што прераснува во исповед со визија, а вториот − клетва.

Првите три општествени ситуации имаат информативна функција и се доближуваат до стихуваната појава на публицистичкиот стил (која во времето што следи по составувањето на „1762 лето“ со сообразува со стилот на учителската (револуционерна) поезија и го има својот уметничколитературен врв во најдолгата македонска народна песна од крајот на 19 век, „Кузман капидан“, која паралелно со македонската револуционерна народна песна опева, исто така, историски настан од поблиското минато.

Крајот на песната е митолошки т.е ритуално-магиски, ги вклучува пајаците како метафора на нешто искривено од правиот пат и утовите што ја симболизираат пропаста. Клетвата всушност се надоврзува на митот на свештеничкокралската магија што овојпат во песната ја привнесува самиот патрик преку клетва како едноставна форма што вклучува во себе ритуали со митолошки суштества. И внесената забуна во историскиот настан со замена на обвинетите личности е во далечна врска со овој мит. По однос на концептот „куќа“ метафората на пајакот особено е магиски во врска со ткаењето пајажина што отвора простор за приказните за испустените домови на проколнатите.

Со составувањето на песната и со нејзините (пре)објави од 1872 до денес приказната за славната Охридската столица се враќа на правиот пат. Всушност, оваа песна, покрај во повеќето изданија на „Автобиографијата„ од 1953 г. до денес, самостојно како песна е преобјавена и во едно јубилејно издание на Македонската православна црква „Од светите браќа Кирил и Методи до нашите дни“ во 1963 година по повод 1100 години од појавата на словенската писменост, со што Црквата повторно го воспоставува својот континуитет преку репрезентативните текстови за нејзината надмилениумска традиција.

Во тој милениумски опсег бездруго може да се направи уште една паралела по однос на темата за врската меѓу црквата и народот. А тоа е библиската тема за лозјето, која наоѓа уметничка верзија и кај свети Климент Охридски“ во неговата „Молитва на Свети Трифун“, составен дел на

Синајскиот требник и „1762 лето“ составен дел на Прличевата „Автобиографија“. Свети Климент Охридски во молитвата ги гони штетниците, а во Прличевата песна библиската приказна за исто платените работниците што различно работеле во лозјето прераснува во покана „на гости (на) работниците што работеа бесплатно“. Тоа е таа (ритуална) метафора кога работникот добива почесна улога на гостин во домот.

Прличев, всушност, и покрај толку спомнуваниот негов незгоден карактер знаел да направи пријатна општествена атмосфера и надвор од домот, но и во самиот дом.

Во една таква општествена атмосфера на Прличевото лозје се означила победата над елинизмот во Охрид. Со тоа се отворила можноста за нов живот, за нови размислувања и за нови стремежи кои го отвораат вистинскиот, прав, пат на македонската револуционерна борба навестена преку обединувачката моќ на песната „1762 лето“

Свештеник Никола Христоски

ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА – ТЕМЕЛ И СТОЛБ НА МАКЕДОНИЈА

Непобитен факт е дека историскиот од на македонскиот народ е преплетен со многу маки, искушенија, тешкотии, интриги и вмешувања. Речиси и да нема период кој бил сосема мирен за македонскиот народ. Географската положба на Македонија, па и на Балканот, политичките и историските услови, ја направиле оваа земја секогаш да биде „буре барут“, чиј фитил само чека да биде запален. Но, таквите тешки времиња, неминовно раѓаат и големи херои, поети, уметници, маченици, луѓе со силен и бодар дух. Диптихот на нашата историја е преполн со имиња на такви јунаци. Еден од нив е и Григор Прличев, човекот, уметникот, верникот и маченикот поради кој ние денеска се собравме. А се собравме заради неговата единствена и неповторлива „1762 лето“, во која тој го опева укинувањето на славната Охридска архиепископија. За да го доловиме духот на песната, но и за да ја почувствуваме болката и желбата на Прличев, сметам дека е неопходно да се навратиме на историјата на Охридската архиепископија и нејзиниот однос кон своите паства.

Текот на македонската културна историја, особено од периодот на христијанизацијата, е обележан со исклучително значајни резултати на полето на просветата и образованието. Создавањето на словенското писмо од страна на светите солунски браќа Кирил и Методиј, Светиклиментовиот и Светинаумовиот Универзитет, манастирите како книжевни школи и негувачи на словенскиот и македонскиот дух, дамаскините во средниот доцен век и црковно-народните училишта во преродбенскиот период јасно ја покажуваат врската меѓу верата и науката, меѓу Црквата и Универзитетот. Верата никогаш не ја исклучувала науката, ниту пак, обратно. Токму затоа, во текот на историјата, а ова особено важи за историјата на македонскиот народ, Црквата се јавува како еден од главните фактори во просветувањето, односно во образованието на човековите личности. Истовремено, таа се јавува и како чувар на идентитетот на народот и како директен „виновник“ за сочувувањето на македонскиот народ како посебен, самостоен народ, народ кој има своја култура, јазик, писмо, вера.

Преку светите браќа Кирил и Методиј, кои Бог ги посади на тлото на македонската земја, беа просветени и сите други словенски народи. Со создавањето на словенската азбука и писменост, светите браќа им овозможиле на сите народи да можат да организираат свои самостојни народносни цркви, бидејќи нивниот јазик станува официјален богослужбен јазик на Словените. На овој начин, а и со преводите на книгите на словенски јазик, од една страна Словените можеле да го примат христијанството, зашто сега имале можност да ја разберат неговата суштина, а од друга, пак, можеле целосно да си го сочуваат својот идентитет и да не се подложат под притисоците и влијанијата на тогашната грчко-латинска цивилизација. Токму затоа и Црквата ги изедначува со апостолите и им пее „еднакви по дух со апостолите“, а во една песна за свети Кирил се вели „о втори Павле и учениче Петров“. Нивната заслуга, пред неколку години, беше признаена и од Западот, кога беа прогласени за заштитници на Европа.

Но, тој пат на христијанизација и образование на словенските народи, а особено патот на македонскиот народ, се покажува како трнлив пат, пат со многу тешкотии и трудови за докажувања на идентитетот и посебноста. Борбата се разжештува уште во самите зачетоци на ширењето на христијанството на разбирлив, словенски јазик. Во текот на својот мисионерски подвиг, уште светите солунски браќа биле гонети од страна на тријазичниците, кои словенскиот јазик го сметале за неблагословен и неподобен. Но, словенските просветители ги пребродуваат и овие искушенија и не само тоа, туку и добиваат и благослов и потврда за словенскиот јазик од страна на тогашниот римски епископ.

Нивното дело во Македонија го продолжуваат нивните свети ученици Климент и Наум, во чии училишта бил просветен многуброен народ. Св. Климент освен што бил голем проповедник, просветител, поет, пишувач, лекар, агроном и хуманист, се јавува уште и како прв словенски

епископ, кој богослужи на словенски јазик. Како организатор на својата Дремвицко-величка епархија, тој всушност ги става и темелите на првата црковна организација кај Македонците. Поради нивните заслуги, тие уште на самиот почеток на X век, т.е. кратко по нивната смрт веќе имале светителски култ, кој бил далеку распространет.

Трудот на овие свети просветители е почетокот на организирањето на македонската црква, што особено доаѓа до израз во Самоиловата држава. Како резултат на создавањето на посебната Самоилова држава, се јавува и формирањето на самостојна црква, која на некој начин се јавува и како гарант и доказ за самостојноста на државата. По поразот на Самоил од Василиј II и Охридската архиепископија трпи одредени промени, но, сепак, ја задржува својата самостојност, иако не се исклучуваат одредени мешања и тоа директно од страна на византиските василевси. И покрај тоа што автокефалноста на Охридската архиепископија била потврдена и од самиот Василиј II, како и од подоцнежните цареви, не престанале обидите, а особено од страна на Цариградската патријаршија, таа да биде укината и да биде подвластена под цариградскиот патријарх. За тоа сведочат многу написи и документи, а како исклучително интересно е и тоа што и самите охридски архиепископи, кои главно биле од грчко потекло, се јавуваат како најжестоки бранители на самостојноста на архиепископијата, која ја признаваат како природна наследничка на Јустинијана Прима. Меѓу нив се и далеку познатите Теофилакт Охридски и големиот правник Хоматијан. За време на овој последниот, почитувањето на правото и законитоста спроведувани од страна на архиепископскиот духовен суд доаѓа до особен израз. Во синодските, пак, акти на Охридската архиепископија во овој период, името Македонци се спомнува повеќе од педесет пати. Ова кажува дека уште во XIII век, архиепископ кој е по потекло Грк, а уште и еден од најголемите правници во Византиската држава, во своерачно потпишани документи признава и зборува за Македонци, но за жал дури и денес во XXI век постојат сили кои го негираат постоењето на македонскиот народ.

Животот за Архиепископијата и македонскиот народ станува особено тежок после 1394 година, односно по паѓањето на Македонските територии под Османлиско ропство. Охридската Архиепископија повторно успеала да се избори за својата самостојност. Големите даноци, пустошењата од страна на иноверните банди, големото осиромашување на народот, како и програмираната исламизација го направил животот на словенското население неподнослив. Иако на почетокот султаните биле толерантни кон Охридската Архиепископија, сепак подоцна доаѓа до голем прогон и исламизација на македонското население. Во периодот за кој станува збор, верата речиси ја поистоветувале со народноста, па оттука во нашиот народ се појавува и зборот „потурчување“, а не исламизирање. Тоа носело тешки последици по македонскиот народ, бидејќи значело губење на својата народносна припадност и својата вера, па затоа дошло и до големо спротивставување. Потврда за ова се и многубројните маченици кои пострадале за време на Османлиското ропство.

Во турскиот период, Архиепископијата, многу повеќе се трудела да му се приближи на народот, кој за разлика од порано, сега претставувал единствена сила на која таа можела да се потпре. Токму затоа и до укинувањето на Архиепископијата, високиот клир не водел некаква програмирана денационализаторска политика кон македонскиот народ. Напротив, тој често се јавувал и како чувар на словенската традиција. Некои архиепископи и јавно ја помагале словенската писменост и книжнина, па дури и во администрацијата на некои епархии, грчкиот јазик бил заменет со словенскиот. Во овој период, пред укинувањето на Охридската Архиепископија, манастирите се јавуваат како главни чувари на словенската писменост, за што сведочат и многубројните натписи, а во нив како говорен јазик се јавува македонскиот.

Сепак, долгогодишната употреба на грчкиот јазик имала големо влијание меѓу македонското градско население. Па затоа и често доаѓало до доброволно родоотстапништво, особено кај чорбаџискиот слој од населението. Ваквата состојба, а и слабеењето на Охридската архиепископија, довеле до мешање на Цариградската патријаршија во работите на архиепископијата. Цариградската патријаршија почнала да го користи секој погоден момент, за да ја потчини Охридската архиепископија. Тоа за првпат и успева во 1676 година, кога седуммина

архиереи, кои биле под влијание на елинизмот, поднеле жалба за смена на архиепископот Теофан, во што и успеале. Со овој акт тие го унижиле охридскиот престол и самите дале повод за нарушување на автокефалноста на Охридската архиепископија. По смртта на Григориј во 1688 година доаѓа до формирање на две партии: автохтона и фанариотска, кои ќе водат борба сè до укинувањето на Охридската архиепископија. Изборот на последниот самостоен охридски архиепископ Арсениј, ќе биде и последната победа на автохтонистите. На 16 јануари 1767 година, со оставката на Арсениј, Охридската архиепископија е конечно укината и ставена под јурисдикција на Цариградската патријаршија.

После укинувањето на Архиепископијата, освен црковниот живот, во рацете на Патријаршијата се наоѓало и школството и целокупниот црковно-просветен живот во Македонија, а со тоа широко му се отвориле вратите на грцизмот. Во овој период многу ракописи и книги биле уништени и многу библиотеки разрушени. Но, борбата не престанувала, а особено се засилила во XIX век.

Споменот за укинатата Охридска архиепископија особено жив бил во Охрид и тој спомен ги насочувал охриѓани во борбата против тиранијата на грчките митрополити. Таа борба не била само борба за црковна самостојност, но таа носела и национален карактер. Во овие борби особено се истакнал Димитар Миладинов, а по неговата смрт и Григор Прличев, кој застанува на чело на антигрчкото движење во Охрид. Во жарот на таа борба, Григор Прличев ќе ја напише и неговата можеби најпозната песна „1762 лето“, во која го опишува сè уште свежиот спомен за славната Охридска архиепископија и нејзиното укинување. Со оваа поема, славниот Прличев на многу реален начин ни ја доловува самата историска положба во која се нашол македонскиот народ. Живеејќи во време кога преданието и собитијата за Охридската архиепископија сè уште биле свежи, тој, пред сè, потврдува дека оставката на последниот архиепископ Арсениј не била „самоволна“ и „непринудна“ како што стоело во неа, но и тешко е некој да поверува дека може да се оди „самоволно“ на заточение. Токму затоа и болно пее: „Грцкиј Патрик ќе ни строши славна охридска столица и мене до смрт ќе држи в заточение. Ќе прати владици Грци, лицем светци, срцем в'лци. Ќе ве даваат, ќе ве стрижат, ќе м'лзат до крв. Меѓу народа ќе сејат несогласје и раздори, Да се мрази син со татка и со брата брат“. Прличев и неговите современици добро знаеле дека борбата за самостојност мора да ја бараат преку формирањето на автокефална домородна црква, која ќе биде гарант за зачувување на идентитетот на македонскиот народ. Затоа тој, заедно со охриѓани, цврсто застануваат против одлуката Мелетиј да биде поставен за охридски владика и го нарекуваат „одвратен“ и „сосема недостоен“. Прличев знае дека ако на тронот на архиепископијата останат туѓи водители, македонскиот народ никогаш не ќе може да се избори за своето место. Укинувањето на Охридската архиепископија значело духовно ропство, а теророт и асимилацијата која ја вршел високиот грчки клир тоа само го потврдувале. Како се чувствувал Прличев и колкава била неговата болка, но и жед за обновување на Охридската архиепископија, можеме да видиме и од зборовите на еден негов современик, големиот интелектуалец на XIX век, Антим Ризов – Зографски, кој мечтаел за истите работи како и Прличев. Тој во едно свое писмо вели: „...но печалната и мрачна пустиња ми изгледаше светол, радостен, земен рај, кога низ умо ми минуваше во каква состојба се наоѓа мојата татковина, а посебно мојата Струмица, како ги гледаш нашите попови до еден како служат на грчки, а не знаат ниту една грчка буква: ги гледаш во црквата како зборуваат „кириелејсон“ а пак не знаат што зборуваат, а за другите заблуди од таквите простотии да не зборувам, бидејќи не сум во состојба да ги набројам. За сето ова е криво укинувањето на Охридската архиепископија. Кога се сетам, проливам горки солзи и самиот си зборувам: Господи не сакаш ли некогаш да се смилостивиш и над нашиот народ и да го избавиш од таа окајана служба, откако му ја вратиш неговата црква...“

Како што самиот Прличев забележува, песната „1762 лето“ постигнува поголем успех и од многу други нивни претходни заложби и потфати. Таа повторно ја пробудува свеста кај населението и желбата за обнова на својата Охридска Светиклиментова архиепископија. Таа е гласот на еден измачен народ, кој силно жеднеел по своја црква и држава. И за нас денеска, кои живееме во време кога повторно по еден дел од нашиот идентитет постојано и програмирано се

негира, и тоа од оние кои треба да ни бидат најблиски, односно од соседите, оваа песна станува особено жива и популарна. И после повеќе од еден век, кога Македонија и Македонците повторно се борат за своето место меѓу народите, кога повторно мораат да го бранат својот идентитет од оние кои бесправно и насилно го узурпираат, кога повторно незаморно се трудат да ја сместат Охридската Светиклиментова архиепископија во редот на другите цркви, „1762 лето“ останува нашиот глас, но и наша порака до сите, дека ние никогаш нема да се предадеме и да отстапиме. И токму затоа толку многу пати оваа песна била препеана и уште многу пати ќе се препее.

Како што секоја борба зема жртви, така и Прличев е жртвата на својата и на борбата на македонскиот народ. Ако свети Кирил, во IX век ги остави своите свети мошти во вечниот град, изморен и изнемоштен од многуте прогони и измачувања заради словенскиот јазик и култура и заради верата во Христа, Прличев, десет века подоцна, ќе се упокои во Охрид, затворан и прогонуван, како и светиот Кирил, повторно поради словенството и Македонија. Го уважувам неговото дело, труд и маченишство, но за едно морам да кажам дека згрешил. Македонија многупати раѓала и ќе раѓа „велики мажи“, а тој е вистинскиот пример за тоа. Пример кој одново и непрестајно треба да биде проучуван и афирмиран. Вечен му спомен!

ДИСКУСИЈА

Модераторот-Милчо Јованоски: Откако ги слушнавме воведничарите, време е за дискусија.
Павле Митрески – историчар:

Најпрво им благодарам на тројцата воведничари на исцрпното и оригинално изнесување на одредени факти во врска со творењето на Григор Прличев. Она што Владо го рече дека Охрид до 1945 година имал најмногу до десет илјади жители, но низ вековите во него живееле константно меѓу 5 и 6 илјади жители. Пишувајќи за 19 и 20 век поставив прашање: Како може толку мал народ сместен во ова орловско охридско гнездо под тврдините на Самоил да раѓа така голем број на автори, писатели, револуционери, дејци од повеќе сфери важни за македонскиот народ. Истражувајќи го овој период наидов на едно оригинално писмо од Григор Прличев кое денеска се чува во Историскиот архив во Охрид. Тоа малечко писмо го пронајдов во куќата на Коста Групчев. Всушност, Коста Групчев е еден од уредниците на „Цариградски весник“. Човек, кој низ неговите пишувања дава една слика на 19 и 20 век. Прличев му бил кум на К. Групчев. Во 1890 година Прличев се наоѓа во Солун, а Коста Групчев во Цариград. Му пишува едно писмо и го моли да дојде во Цариград како кум да го крсти и да му даде име на неговиот тукушто роден син. Прличев во својот одговор, дословно неможам да кажам, ќе парафразирам, а го имам објавено ова, му пишува „ Драги Кочо, нека е аирилија синот. Да стане вечен, благодетен, умен како тебе и мене. Оставам ти да му дадеш име таково какво што ти пожелуваш. Јас повеќе не можам и сум немоќен да патувам. Но, од Солун ќе заминам во својот роден град Охрид“. По три години Прличев умира во Охрид. Интересно е што Фанче, ќерката на Коста Групчев живееше речиси 90 години и во моите разговори со неа, добив сознание дека Прличев знаел француски и италијански јазик, покрај балканските јазици. Вие што пишувате повеќе за книжевното творештво на Прличев, го знаете ова, но како забелешка јас го имам објавено во еден прилог. Кога зборувам за Коста Групчев ќе биде интересно идните млади генерации да знаат дека тој во 1900 година напишал една монографија насловена „Охрид“. Има прекрасни податоци за охридскиов крај. Јас ја имам преснимено, ја пронајдов во белградските архиви и книгата ја предадов во Заводот и Музеј во Охрид, па каде е, како е не знам?! И сега кога веќе зборувам за творењето и моите истражувања за охридскиов крај, да споменам дека до почетокот на 14 век знаеме малку дека во Охрид живееле и Евреи. Во почетокот на 14 век околу 400 Евреи семејно, преку денешна Албанија се селат во Италија. Меѓу нив се наоѓа и еден Евреин филозоф, кој што пишува многу податоци за Охрид. Истовремено, друг Евреин од Битола, исто така пишува за Охрид. По име сега не се сеќавам, но кај мене ги поседувам тие податоци. Меѓу тоа имам сознание од еден друг Евреин од Тел Авив, писател дека нивните оригинални писанија се наоѓаат во Оксфорд. Во старите оксфордски книги (мисли библиотеки, н.з) се чуваат тие оригинални податоци. Ова посебно го споменувам во интерес на младите. Ако некој сака да истражува, стојам на располагање да му ги предадам податоците и каде и како сé може да се најде.

Модераторот: Ви благодарам за излагањето, д-р Митрески. Чувствувам потреба почитувани, тоа директорката Белевска го спомена на самиот почеток од дебатата, дека голем удел во успешноста на оваа средба даде и Државниот архив на Македонија, оддление Охрид затоа што на дел од паноата во просторијата е поставен дел од преписката на Прличев со своите пријатели, роднини и колеги. Тоа е она што е зачувано во подрачното одделение на Архивот во Охрид. Па, ја поканувам директорката на Подрачното одделение на Државниот архив на Македонија во Охрид госпоѓа Илинка Јанева да ни се обрати.

Илинка Јанева, раководител на Државен архив на РМ - подрачно одделение во Охрид

Јас сум многу среќна што присуствувам на оваа литературна дебата и ќе кажам дека Фондот „Григор Прличев“ кој се чува во Историскиот архив во Охрид е преземен на еден невообичаен начин за разлика од тековното преземање на архивска граѓа, во едни тајни услови, а со поддршка на Општина Охрид. Долго време Фондот на Причев не беше евидентиран во влезниот инвентар во Охрид поради тајноста затоа што требаше да се испочитуваат условите на имателот од кого беше земен. Фондот беше земен во оригинал. Дел имаше во Архивот во Охрид,друг оригинален дел во МАНУ и дел во Државниот архив на Македонија. Трите дела се споија и се копираа во една целина - Фонд „Григор Прличев“. Овој фонд е многу значаен, а документите во него се на грчки и на општо словенски јазик. Малку ќе ја запознаам јавноста и ќе кажам што содржи овој фонд. Во него се содржани делови од „Илијадата“ на Хомер. Ракопис општословенски .„Кратка славјанска граматика“ составена од Григор Прличев, препеви од поемата „Скендер бег“, „Слова и беседи“, Слова за дочек на владиката Григориј во Охрид или „500 години сé погрчено“ од Григор Прличев ракопис општословенски јазик. „Слово одржано при погребување на Катерина Сарафова во Охрид, ракопис – општословенски јазик, „Слово за младите“ – општословенски јазик, „Песни и поговорки“.Фондот содржи и списи од Григор Прличев преку кои тој полемизира со учениот Голшмид околу потеклото на античките Македонци и за разликата помеѓу античките и денешните Грци. Фрагмент од писмото на Григор Прличев преку кое молат за помош поради нечесните дела на грчкиот владика Мелетиј и други писма. Во него е содржан и крстениот лист на синот на Григор Ставрев Прличев и Анастасија Прличва, Кирил Прличев. Можеби на сите ви е познато Анастасија Прличева потекнува од семејството Узунови, таа му е сестра на Димитар Узунов, а нејзината сестра Фанија Узунова е мажена во семејството Карадимчеви за поп Ахил. Јас ќе ја искористам оваа пригода да соопштам некои детали од спомените. на Кирил Прличев кој својот татко го опишува како доста строг при извршувањето на училишните работи. Сепак, Кирил секогаш имал слободно време за игри и капење во езерото. Детството го поминува на Сараиште и тука ги споменува неговите учители: Наум Филев, Никола Чудов, Ѓорѓи Снегаров во основното училиште и Андроник Јосифчев, Анастас Маџаров, Никола Пасков, Јаким Деребанов и други во класното училиште. Ги споменува првенците – фамилиите во Охрид кои многу придонесле и се симбол на непокорот на Македонецот:Прличеви,Узунови, Спространови, Јосифчеви, Паунчеви, Лимончевци, Групчевци и други. Татковата смрт Кирила го затекнува пред последната година од завршување на гимназијата во Солун, како што спомнува Кирил: „Познати ми се борбите на охриѓани, посебно на мојот татко против фанариотството. Дома ја пеев татковата песна. (Оваа песна можеби се чита првпат во јавност): „Се расплака мало и големо / Секаде Рај, а во нас Пекол./ Слушаш ли Царе господаре / нашиот плач до Бога стигнува. Нашето имање (имот) ни го разграбаа. / Добрите мажи ни ги усмртија.“ Оваа песна ја напишал Григор Прличев по повод убиството на охриѓанецот Христо Момиров од страна на Турците. Вечна им слава на сите дејци од тој период.

Модераторот: Ви благодарам госпоѓо Јанева. Меѓу нас е и нашиот Видое Видически поет и творец кој што има допирни точки со сето она што го работел во својот живот со Григор Прличев.

Видое Видически – писател и поет

Пред сé јас сакам да изразам своја благодарност лична. Независно од тоа што сум проучувал, читал и учел. Денеска сум побогат за едни исклучително, совршени искажувања на моите драги сограѓани, професорот Пандев, колегата новинар Жура и свештеникот Никола Христоски. Јас не би можел ништо да кажувам во смисла на проучувањето на Григор Прличев оти доста и за времето и за песната „1762 лето“ умешно и сочно ни беше претставено од денешните говорници. Но, би сакал малку да се навратам во поновото време. Во времемто во кое на одреден начин ние сме делувале. Во тоа време самиот дојдов до заклучок Домот на културата во Охрид, како

една поголема институција треба да го носи името „Григор Прличев“. И тогаш, во 1969 г. го сменивме името. Од Дом на културата „Моша Пијаде“ во „Григор Прличев“ и оттогаш почна да се организира манифестацијата „Прличеви беседи“. Инаку порано, се одржувале само на заокружени дати, на пет години, благодарение на тие што тогаш учествуваа, почнавме „Прличевите беседи“ да ги организираме секоја година. Во текот на два дена на 5 и 6 февруари во Охрид практично настапуваа, наши познати професори проучувачи на делото на Прличев и ги расветлуваа моментите, односно го расветлуваа животот на творецот Григор Прличев. Сакав само ова да го кажам. Денеска сум пресреќен и многу задоволен што присуствував на еден чин кој го воспева делото на нашиот почитуван творец Прличев.

Модераторот: Ви благодарам господине Видически. Овде во публиката, ако ми дозволите почитувани е и етнологот Оливера Мишева и таа мислам би можела нешто да каже како млад следбеник на сите оние коишто го проучуваат Прличев. Знам дека ја изненадив, ама сигурен сум има што да ни каже.

Оливера Мишева , етнолог во Завод и Музеј – Охрид

Им благодарам на воведничарите – предавачи се збогативме со нови сознанија. Јас накусо би споменала како нашата институција Завод и Музеј помогнала и направила чест на нашиот Прличев. Некаде на крајот од деведесеттите на минатиот век се покрена иницијатива за возобнова на родната куќа на Прличев. Помогна Општината но таа е изградена од страна на меценатa (бизнисменот) Минчо Јорданов. Во присуство на потомците на општо задоволство се случи тоа. Се направи факсимилска реконструкција на куќата. Дотогаш постоеше само спомен обележје, а сега веќе постои Спомен куќа во која се изложени некои оригинални предмети, документи и копии од документи. Во неа се одржуваат многу промоции, понекогаш и дел од „Прличевите беседи“. Тоа е што нашата институција го направила, но секогаш може повеќе, бидејќи овој поет заслужува многу повеќе од она што е досега направено. Благодарам.

Модераторот: Би посакал во дискусијава да се вклучат и други присутни. Еве, се јавува господин Владо Жура.

Владо Жура: Една мала контра реплика на професорот доктор Павле Митрески го спомена писмото што се чува во Историскиот архив упатено од Григор Прличе од Салоника од Солун 1888 година до рече Коста Групчев. Такво писмо не постои. На пликот пишува до Наум Гавриловиќ насловено е на француски јазик ***pur misje*** Коче Групче. Значи кумот најдобро знаел како го крстил. Значи Коче Групче значи без она егзархиско **В** на крајот, што подоцна го сменал на **ВИЌ**. Мислам дека тука е директорката на Архивот ќе потврди. А и самиот син на Григор Прличев, Кирил Прличев во своите спомени за татко му пишува Миле Скопаче (Михаил Скопаков), за да го разбере читателската публика. За тоа го давам ова како појаснување, бидејќи во текстот што го читав јас ги кажував имињата без **В** на крајот како што налагала бугарската егзархија. Ги кажував како што личностите биле домородно – овде ословувани. Значи Коче Групче, а не Коста Групчев, Миле Скопаче, а не Михаил Скопаков.

Павле Митрески: Јас не сум навлегол во таа проблематика директно. Јас имам навлезено во писмото оригинал што се наоѓа кај Фанче Групчева.

Илинка Јанева: Тоа писмо е уште кај Фанче Групчева?

Павле Митрески: Дали е таму уште оригиналот? Го преснимив и го донесов во архивот. Како фонд се чува посебно, а оригиналот е во нивната куќа .

Владо Жура: Дали оригиналот постои?

Павле Митрески: Јас го снимав, оти не ми го даваа. Не се сеќавам тоа беше во 1962 година. Инаку, писмото јас го коментирам само како писмо кое е потпишано од Прличев. Во другите детали не навлегувам.

Вие сте го посматрале, проучувале од историски аспект, како историчар, очигледно јазички нашите воведничари и дел од останатите присутни го гледале во поширок контекс. Но, ништо не

е спорно доколку постои тоа писмо во охридскиот архив и одново да се фрли зрак светлина врз него.

Илинка Јанева: Тоа не е во архивот. Владо Жура е чест корисник кај нас и во државниот архив и нему му се познати тие работи и документи. Писмото во оригинал не е во архивот тоа можеби е уште кај Фанче Групчева, а професорот Митрески можеби го има како копија.

Павле Митрески: Во архивот е во копија потврдувам.

Илинка Јанева: Е тоа не ми е познато.

Модераторот: Би сакал да слушнеме некои размислувања, каде да одиме натаму. Ова е еден дел од проектот кој го заокружуваме денеска. Но никогаш не е доста кога е во прашање Прличев. Дали можеби имате некои ваши лични сознанија, препораки. Кон каде да се движиме во истражувањето на Прличевото дело и живот.

Илинка Јанева: Кога би имал некој желба да истражува за Григор Прличев сé уште има документи во Софија кај неговите потомци неговиот внук Григор и внуката Олга Прличева. Тие сé уште ги поседуваат и правиме напори и тие документи да ги прибереме во Охрид како една целина за фондот „Григор Прличев“ .

Модераторот: Има ли друг кој би сакал... Господин Тоде Илевски, повелете.

Тоде Илиевски поет и писател:

Јас би зборувал за десеттина моменти од животот на Прличев. Но, сега на сосема друга тема. Што сé има во фондот за Прличев мене не ми е познато. Но знам да посочам една книга која треба да ја имаме предвид и условно би ја ставил на прво место за добивање на информации и како место од кое што може да се почне. Тоа е книгата на Георги Сталев. Гледав сега меѓу овие изложените на витриниве ја нема таа книга. Кој беше издавач? Дали некој од факултетиве не можам да се сетам. Значи има една книга од Сталев во неа има многу нови податоци. И пред некоја година имаше дури и забелешки кога јас кажав на „Прличеви беседи“ и на новинарите нешто од таа книга и некако чудна ми испадна и забелешката, беше во форма еве уште една антиквизација. Мило ми е што е тука и директорката на архивот и спомна, односно прочита документи за ставовите на Прличев кон Античка Македонија. Прличев се занимавал со тоа прашање. Тоа не е измислено. Срам е ние да не ги знаеме тие работи. Ние да застапуваме тези на народи или соседи кои не негираат. Една од тие работи се обврска на нашата интелегенција, најмногу на научната јавност е да го објасни и да се зафати со хомеровското прашање. Хомеровското во Македонија не е спомнато... Кратко, Хомер е или древен Македонец или неговите епови „Илијада“ и „Одисеја“ се народни епови. Подоцна Пизистрат наредил да се запишат. Во нашите учебници стои дека Хомер живее помеѓу десеттиот и осмиот век пред нашата ера, Пизистрат наредил да се запишат Хомеровите епови. И сега апсурд, во учебникот на пример од доктор Јадранка Владова стои истиот податок од кој уште учат учениците. Никој не реагира, ни наставниците. Прашањето е дали наставникот чита или размислува за она што го пишува во книгата. Значи, два века претходно Хомер ги напишал еповите, а после тие два века Пизистрат наредува да се запишат. Од каде да се запишат немаше техника, како денес видео запис или нешто друго. Ова го зборувам бидејќи Прличев ја носи титулата Втор Хомер.Може да е Втор македонски поет или Втор гениј. Тука е професорот Димитар Пандев мој апел и молба на значајни собири како Семинарот за македонски јазик, литература и култура и на 1000 други места може да се прави чекор по чекор и да дојдеме до општо словенскиот јазик. Тоа е научен термин кој јас не можам да го прифатам. Во една пригода дури имав можност и со професорот Виктор Фридман во пријателски разговор да го потпрашам што мисли. Тој се разбира како човек од страна остана, умен човек ми рече – Ова се ваши тврдења, вашата (наука.н.з) така го вика. И тој сега треба целата револуција, целиот свет против него да го крене. Јазикот на Кирил и Методиј беше македонски. Во Британика тоа е убаво запишано, но никој не сакал да ја прочита. Мислам јас не ја открив Америка. Во Енциклопедијата „Британика“ стои дека постојат македонски јазици. Она што е словенско е македонско и вели: Источни македонски јазици се: рускиот, белорускиот и украинскиот. Па

кои се јужните македонски јазици: македонскиот, бугарскиот српскиот... од прилика беше така. Или централните и западните, полски и така натаму. Тие се именувани. Ние кои сме, можеме да погледнеме од постапката. Ја препечатуваме „Британика“ во 10 томови во издание на „Дневник“, „Утрински весник“ и така натаму. И што правиме ?! Одредницата македонски јазици што е во „Британика“ ние си ја запишавме - словенски јазици. Ако ние лекоумно си ги негираме работите не треба да не чудат и последиците.

Модераторот: Што Вие лично мислите за Прличев?

Тоде Илиевски: Па, добро сега не сум сконцентриран. Реков би сакал преку професорот Пандев некако овие задачи да ги прифати и преиспита некој. Еве и ова се сетив. Догодина се навршуваат 1150 години од Моравската мисија. Замислете само од моиве нестудиозни прегледувања на литературата, наоѓам една информација за центарот каде што беа Кирил и Методиј. Културниот центар. Тоа е Девин на устието меѓу реката Морава и Дунав. Тврдината наликува ко охридската отприлика. Но, што најдов на некои места? Најдов работа што во Македонија, условно да речам е непозната. Планот од манастирот во Девин е идентичен со оној од манастирите на Плаошник и во Свети Наум. По враќањето на Седмочислениците овдека, во случајов на Климента и на Наума е донесен тој план. Ние тој континуитет не го бараме, го бараат другите словенски земји. И тие во Македонија го препознаваат тој извор. И ќе ни изразат благодарност.

Модераторот: Благодарам. Има ли уште беседници?

Лилјана Мартинова – библиотекар

Еве и јас како една од домаќините. Поздрав до присутните. Излагањата на воведничарите беа полни со реминисценции и ја истакнаа симболиката на оваа прекрасна песна „1762 лето “ Имено ги дадоа трите пулсирања на оваа песна: историското, литературно – лингвистичкото и црковно – религиското. Оваа прекрасна песна секако останува во колективната меморија на македонскиот народ и ниту еден читател, слушател не може да го остави рамнодушен. Сакам да истакнам дека оваа песна навистина побудува чувства кај слушателот. Барем јас слушајќи ги првите зборови и ноти на оваа песна секогаш кај мене побудува морници и убави чувства за нашиот народ и за авторот Григор Прличев.

Модераторот: Полека ја заокружуваме дебатава. Професоре Пандев.

Димитар Пандев:

Јас би се надоврзал на искажувањата за Прличев. Веднаш ќе кажам Прличев не е лесен како автор. Тој не бил лесен ни како карактер, значи имал мошне тежок карактер. Во основа има мошне тежок стил и многу лутања во неговиот и живот и во неговото творештво. Значи тоа е автор со големи идеи, некогаш науката тие негови идеи не може да ги стави во некои калапи. Тој зборува за словенско есперанто, тој зборува за јазик на науката, јазик на уметноста . Во историјата постојано се јавувале такви идеи. Еден да биде разговорниот јазик, друг да биде јазикот на науката, литературата. Некогаш е лесно да се зборува. Прличев имал мошне силен глас. Тој бил врвен говорник. Некогаш кога ќе ја фател хартијата тешко пишувал, дури и тешко забележувал. Трошел мошне малку мастило и за големи зборови.И тој чувал мастило, како што пишува во напрсток. Но тоа е една исто така метафора, бидејќи строго водел сметка за формите што ги пишувал и имал можеби концизен стил. Она што овдека импресионира како проект е тоа дека за Прличев многу се пишувало, но колку што можев да проверам во овој период можеби еден од текстовите којшто е најмалку обработуван е токму песната „1762 лето“. Можеме да зборуваме и за цела една наука што на времето Гане Тодоровски сакаше да ја нарече Прличевологија. Значи тој е еден од оние огромни автори за кои што може многу да се пишува. Да не зборуваме за делата како што се Сердарот... па и самата Автобиографија. Но на овој текст мошне малку досега му е отстапено внимание. Ова е песна мошне позната, мошне популарна. И можеби таа популарност пречела да

биде предмет на едно посериозно научно истражување. Токму затоа го поздравувам овој проект и затоа со задоволство се вклучив во него. И мислам дека сите ние можеме да се вклучиме со свој придонес. Со оваа песна се отвораат сите „Прличеви беседи“ и на тој начин можеби таа била повторно воскресната, реинкарнирана, токму со таа манифестација. Можеби имало период кога не била толку позната или била позната во мал круг. Но сега можеме да кажеме дека во Македонија денес ретко кој не ја знае. Токму затоа оваа песна го заслужува нашиот интерес во сите можни правци. Таа е многу пати преобјавувана. Можеби е потребно и едно критичко издание, независно кој текст е оригинален и кој текст би бил прифатлив независно на кој начин се исполнува. По својот ритам таа им припаѓа на оние бесконечни песни бидејќи ако ја земеме ритмичката структура ќе видиме дека таа ниту почнува, ниту завршува што значи дека на извесен начин може да биде бесконечна. Од ова народско искажување Прличев бил само еден сегмент,а во таа смисла можат да се надополнат и други текстови. Впрочем Прличев бил инспирација и за Сталев и за драмата и за многу други автори. Тој е лик што го заслужува нашето внимание. Со овој проект всушност ние ја поставуваме онаа врска што Прличев најмногу ја имал со Охрид.

Модераторот: Благодарам уште еднаш. Годинава МПЦ ОА одбележува 45 години од возобновата на афтокефалноста, му давам збор на отец Христоски.

Отец Никола Христоски

Се разбира МПЦ ОА се подготвува да го прослави празникот низ цела Македонија. Во Дебарско- кичевската епархија прославата нема да биде во Охрид. Ние имаме еден друг повод, прославата ќе биде во манастирот Св. Богоридца Пречиста – Кичевска, токму на Илинден. За првпат во поновата историја на МПЦ по возобновувањето ќе имаме прогласување на светители. Тоа се монасите Пајсиј, Евнувиј и Аверкиј. Тоа се луѓе кои живееле во турското време, кога Македонија била под османлиско ропство.Тие на маченички начин го завршиле својот живот давајќи го за верата во Христа и за црквата. Тоа можеби е добро што ги споменавме тука, денеска. Во медиумите нивните имиња се објавени, но интересно е што кога се прави паралела дека Григор Прличев маченички го дал својот живот за црквата и за Македонија, еве и овие тројца монаси можеме да ги споредиме со многу други херои кои го дале својот живот за Македонија. Уште еден интересен факт е што службата за новите тројца светители ја напиша еден Грк. Монах којшто е официјален химнограф на Цариградската патријаршија денес. Значи имало луѓе без разлика на нивната национална припадност кои што немаат никаков проблем со тоа да наречат некого Маедонци или да го признаат овој народ. И јас се надевам дека токму во таквите луѓе ќе најдеме соработката. Луѓе на кои што не им е битно кој на која нација припаѓа или на која вера. Но, сепак тоа се луѓе кои што ги собира православната вера која што не сплотува и не прави едно. Се надевам дека и овие спорови и проблемите за кои и Григор Прличев пишувал и се борел дека наскоро ќе станат конечно минато и дека и ние ќе си го добиеме своето заслужено место и како држава, но и како црква.

Модераторот: Ова е факт дека постои уште чоештина меѓу народот, како што велел Прличев. И обично кога се дружиме со господин Жура недоминлива е Прличевата големина во дискусиите.

Владо Жура :

Јас, Прличев пред сé го ценам како беседник. Тој имат толку умшчина во него, во неговите искажувања на обичниот човек како со унија да им имат туривано во главата. Како треба да се однесуваат во секојдневниот живот, како треба да ги воспитуваат децата? Се сложувам со професорот ако не е доволно испитан на литературно поле, мислам на неговото творештво, тогаш, уште помалку му е проникнато во секојдневниот живот, а имаме можности. Преска некој рече дека бил строг родител, тежок карактер, ама од писмата што ги спомена Илинка таму што се чуваат (во архивот н.з) вие не знаете како бил нежен сопруг и татко. Тоа се гледа од интимните

писма што ги имал упатувано до сопругата и до децата. Жално е тоа да остане неистражено во иднина од помладите генерации што доаѓаат по нас.

Модераторот: Благодарам. Дозволете ми јас како автор на овој проект да се заблагодарам на институцијата пред сé која ми ја даде шансата да го правам овој проект и заеднички да го понудиме до Министерството за култура на Република Македонија и да добиеме зелено светло за негова реализација. И се заблагодарувам на госпоѓа Елена Долоска, која е носител на проектот, потоа на директорката Александра Белевска која несебично се вложи во неговата реализиација и најмногу да не ги набројувам поединечно сите вработени во Библиотеката кои условно речено сите овие месеци комуницираа со мене при реализацијата на еден ваков проект. Истовремено им благодарам на тројцата воведничари во оваа наша денешна дебата. Навистина беа прекрасни отвориј нови простори и хоризонти за тоа што Прличев е сé уште енигма, иако толку многу зборуваме за него и за неговото творештво. Но ние немавме задача денеска да откриеме сé, туку напротив да отвориме едно мало прозорче или да ставиме едно камче во мозаикот и натаму некој друг после нас или ние заеднички повторно да продолжиме во истражувањето.

Александра Белевска: Благодарност до сите гости, благодарност до вработение во оваа институција и огромнна благодарност до Министерството за култура на РМ што ни го одбри овој проект и верувам ќе имаме уште соработка и во иднина ќе реализираме вакви проекти.

„1762 ЛЕТО “

Илјада и седимстотин шесдесет и второ лето
в Охрида од Цариграда дошел Салаор.
Ej! Дошел Солаор.

Се претставил пред Арсења
наша патрика честнаго
и му рек’л слово горко, слово жалостно.
Ej! Слово жалостно.

Царска волја е да тргнеш
денеска за Цариграда
на тебе од врли Грци, голем поплак е.
Ej! Голем поплак е.

Собрал патрик свое стадо
в црква свјатиј Климентова
благослов им дал последен, р’це заплетил.
Ej! Р’це заплетил.

Д’лго време липал старец
в молчење в’сенародно
и по бела брада ронел с’лзи горешти.
Ej! С’лзи горешти.

Слушајте ме мили чеда
јас ќе идам в Цариграда
на мене од врли Грци голем поплак е.
Ej! Голем поплак е.

Грцкиј патрик ќе ни строши
славна Охридска Столица
и мене до смрт ќе држи в заточение
Ej! В заточение.

Ќе прати владици Грци
лицем светци срцем в’лци
ќе ве дават, ќе ве стрижат, ќе м’лзат до крв.
Ej! Ќе молзат до крв.

Меѓу народа ќе сејат
несогласје и раздори,
да се мразат син со татка и со брата брат.
Ej! И со брата брат.

И ќе викнете до Бога
и крило не ќе најдете,
смирени ќе наведете глави доземи.
Ej! Глави до земи.

Ќе ми бидете сираци,
така било написано.
Елате ми да ве гушна за последен п'т.
Ej! За последен пат.

Ч'рна т'га поразила
старо, младо, м'жи, жени,
Вси со р'це заплетени с'лзи проливат.
Ej! Солзи поливат.

Тој ги гушка, тие тажни
му целуват десна р'ка
и од р'ка как' од извор с'лзи се лејат.
Ej! Солзи се лејат.

Вјахнал Патрик брза коња
и неволно уп'тил се.
Тога грмкиј плач народен небо процепил.
Ej! Небо процепил.

Умилил се чесниј Патрик,
свалил шапка навезана,
погледал на сино небо, љуто прок'лнал.
Ej! Љуто проколнал:

„Ох! послушај, милиј Боже!
Хаир никога да немат
Стамче бej и Бујар Лигдо, Пејко челеби!
Ej! Пејко челеби.

Милостивиј Бог послушал
патричка горешча клетва,
слава нихна, семе нихно погубил со шум.
Ej! Погубил со шум.

И сега во куќи нихни
ткае пајак пајачина
и на пусти стрехи нихни хукат хутове.
Ej! Хукат хутове.

Документи од фондот „Григор Прличев“ од Државниот архив на Република Македонија - подрачно одделение Охрид

- Народна песна за убавата Ана - 2 страници

- Извадок од списот „Средновековната историја на Бугарите“ пишувана од Григор Прличев - 3 страници

- Патна исправа - 2 страници

- Потврда од Стефан С. Парталов - 2 страници

- Слово од погреб на Катерина Сарафова - 2 страници

- Крстен лист - 2 страници


- Слово за младите - 2 листа

S.D. 1.831.1.22/336

НАРОДНА ПЕСНА за убавата Ана и неколку поговорки напишани од Григор Прличев.

ракопис, општословенски јазик 1 л.
мастило виолетово и црно
Формат на листот: 14 см. x 36 см.
оригинал

ДРЖАВЕН АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА ОДДЕЛЕНИЕ ОХРИД



1831. 1.22/336

Постигнала се Хувава Яна, стигнала ми се на дент Великдень
Кръстила ми се на дент Гергевдент
Зазборвала ми на дент Спасовдент
Ми заходила на дент Петровдент
Ми я дочула Янина кума
Тога ѣ рѣче Янина кума
Дегиди мори Хувава Яно
Лег ти се молѣм и ти нарѣвам
Да не излизаш дент безъ уруси
Дент безъ уруси нощ безъ свѣтуй
Дан те доледат сланцева майка
Дан те посвѣрнит (сгоди) за ясно сланце
Хувава Яна кума не почу
Туг (мо) ти излѣзе дент безъ уруси
Дент безъ уруси нощ безъ свѣтуй
Ми я доледа сланцева майка
Ми я посвѣрши за ясно сланце
Ми я посвѣрши и ми я оде
Хувава Яна не ми зборвеше (говорше)
не ми зборвала за три годинѣ,
Тога му велитъ сланцева майка
Дегиди сланце а ясно сланце
Хувава Яна нѣ оставна
Да оставиме Хувавѣ Яна
Да си земеме Звѣздоденицѣ
Звѣздоденицѣ вѣрзозборницѣ
Ясно но сланце майкѣ почула
Ми я посвѣрши Звѣздоденицѣ
Си я посвѣрши и си я оде
Останѣ Яна нихна слугыня
Фалатии тлачитѣ нихъ не ѣдатъ
Ми я кладохѣ Звѣздоденицѣ
Ми я кладохѣ лѣвъ да ѣмъ лѣвитѣ
Хувава Яна свѣща ѣ свѣтитъ
ѣ догорѣла вѣла борина (свѣтилник)
ѣ изгорѣли тънкынѣ прстѣ
ѣ с истопили златѣ прстенѣ (свои)
Тога ѣ рѣче Звѣздоденица (изгубенъ)
Дегиди мори слѣпа слѣпанка (слѣпа жена)
Ако си нѣма тѣ не си слѣпа
Изгорѣхѣ ти тънкитѣ прстѣ
се отговори Хувава Яна самѣ
Дегиди мори Звѣздоденице
Лег ни сутъ нѣма лаѣ ни сутъ слѣпа.


1831. 1.22/336

Туку не зборвам хатарѣ си дѣтам
Първа година чест съмъ ѣмила
Втора година на мила майкѣ
Трета година на ясно сланце
Бог ми я убилъ моѣ свекърѣ
Защо не дочека чес да достораш
Тукъ те донесе тебе свѣтка
Ми я дочула сланцева майка
Кѣде ми зборвитъ Хувава Яна
Ми се налюти сланцева майка
Ми я истера Звѣздоденицѣ

Звѣздоденицѣ, вѣрзозборницѣ.

Хувава Яна кума не почу
Ми я доледа сланцева майка
Ми я посвѣрши за ясно сланце
Ми я посвѣрши и ми я оде
Останѣ Яна нихна слугыня
Фалатии тлачитѣ нихъ не ѣдатъ
Ми я кладохѣ Звѣздоденицѣ
Ми я кладохѣ лѣвъ да ѣмъ лѣвитѣ
Хувава Яна свѣща ѣ свѣтитъ
ѣ догорѣла вѣла борина
ѣ изгорѣли тънкынѣ прстѣ
ѣ с истопили златѣ прстенѣ
Тога ѣ рѣче Звѣздоденица
Дегиди мори слѣпа слѣпанка
Ако си нѣма тѣ не си слѣпа
Изгорѣхѣ ти тънкитѣ прстѣ
се отговори Хувава Яна самѣ
Дегиди мори Звѣздоденице
Лег ни сутъ нѣма лаѣ ни сутъ слѣпа.

НАРОДНО ОБРАЗОВАНИЕ
ПЛОВДИВ




S.D. 1.831.1.25./339

ИЗВАДОК од списот "Средновековната историја на бугарите" пишувана од Григор Прличев.

ракопис, грчки јазик 1 л. + 2 л. превод
мастило црно
машинопис, македонски јазик
формат на оригиналот: 20 см. x 28 см.



Ι. 8210 Ι 125/339



ГЛАВНА МАКЕДОНСКА ОБЛАСНА ОХРИД

Симеон. (Лав философот, Константин Дукс, Топотиритис) на Константин Пор фирогенитос, Зои, Романос.) През времето на Симеона Бугарското царство се прошири од големата Бугарска Морава до устието на Дунав и од половината Тракија, целата Македонија, северната Албанија, до Влахија, Панонија и Кроатија. Време на Симеона е нај славно за Бугарската историја. Овој ги почини (ехалиносе) антихристите, ги просвети Бугарите преку свети гласници кои учеа на мајчин јазик, ги охрабри писателите и истиот пишуваше. Во 889 г. бидејќи Византиите бараа покрај договорот дарична унија кај Бугарите трговци, Симеон превзеде поход, и испратениот против него војсководител Прокопии Кринитан го уби, а неговата војска ја уништи, а Бугарите кои заедно со Византиците учествиваа во овој поход ги испрати во Цариград со сечени носови. Византиите од како се сојузија со Угарите (890) го потиснаа Симеона, се додаке не побара (Симеон) примирие со Византиите, (а после) ги изгони Унгарите. А во 893 г. уништувајкија парискаата унија до смрта на Лав. (911.). Бидејќи после тоа (кратко парувајќи) Александар, ги врати иронофилите пратениците Бугари; Симеон го опсади Цариград 912 г. Но доброчинството (филофросини) на Византиите спрема неговите синови и довагјањето на Патриархот Никола со подароци го помири лукаво (долиос). През 914 г. Симеон завзеде Андрианопол кој Зои купи со злато, и ипак бараше поткрепа и се спремаше за војна до 917 г. кога во Анхиал Византиите беа страшно победени, пагајќи скоро сите заедно со војсководителите, а околината на Цариград беше пљачкана. Во 922 г., презвремето на Романос ги испрати војсководителите Хака Милицан за да го опсадат Цариг-рад, кои добиа славна победа, а истовремено Симеон од ново го завзеде Андрианопол 923 г. и истата година го опсади Цариград. Страв ги фати Византиите кои ноќе и дневно ги чуваа дѕидовите. Жените и децата беа готови да се испратат во Азија. Патријархот Николај и многу големци беа испратени за да го молат Симеона, кој бараше средба со Романос, кој и стана. (историување а опишување на дефилето). После умре во 927 г. Како и во времето на смрта на Каран така и сега создаваа прикаски Византиите.....(нема друг текст).

1880, август 26, Софија 1.831.1.29/345

ПАТНА ИСПРАВА, издадена од бугарските власти на Григор Прличев за патување во Софија.

машинопис, ракопис
мастило црно 1 л.
оригинал
формат на листот: 28 см. x 45 см.



ДАРБ 1.29/315

ВЪ ИМЯТО НА НЕГОВО ВИСОЧЕСТВО
АЛЕКСАНДРА I.
КНЯЗЯ НА БЪЛГАРІЯ

Новий Министръ на Вънкинитъ Дѣла на Българія, умоляваме гражданскитъ и военнитъ власти да оставятъ свободно да мине Григоръ Тарлиевъ Българинъ отъ Самоковъ отиващъ при Свѣтлѣйшаго Княза Фердинанда Саксенъ-Кобургскаго и Готскаго

и да му даватъ помощъ и покровителство ако стане нужда.

Nous Ministre des affaires Etrangères de Bulgarie, prions les autorités civiles et militaires de laisser librement passer Grigor Parlitcheff Sujet Bulgare habitant de Samokov allant près de Son Altesse Royale le Prince Ferdinand de Saxe-Cobourg-Gotha

et de lui donner aide et protection en cas de besoin.

ОБѢЛЕЖЕНІЕ.

Възрастъ тридесетъ и едногодина
Росты високъ
Косы черни
Вежды
Тело
Очи
Носъ
Уста
Брада
Брадичка
Лице
Цвѣтъ
Особны знакове
Подпись на подателъ-тъ


SIGNALEMENT.

Age trente un ans
Taille moyenne
Cheveux noirs
Sourcils
Front
Yeux
Nez
Bouche
Barbe
Menton
Visage
Teint
Signes particuliers
Signature du porteur

ПЕЧАТЬ СОФІЙСКАГО ГУБЕРНАТОРА

Министръ-тъ

Le Ministre



S.D.

1.831.1.27/342-343

1868, март 18 - Охрид

ПОТВРДА од Стефан С.Парлитов, ополномоштен застапник на синовите на Петар Пагузу, Александар и Аристотели, дека склучил договор со нивниот вујко Никола Манче, со кој Никола Манче се обврзува дека им ги вратил долговите. Сведоци на договорот се: Ангеле Групче, Григор С.Парлица (Г.Прличев), Петар Болозис и Георги Петруш.

ракопис, грчки јазик и превод на македонски

мастило црно 3 л. + 1 превод

формат на листот: 22 см x 34 см.

оригинал

Државен архив на Македонија
Одделение Охрид

1.831.1.27/345-14

Ο υποφαινόμενος εξηρεζούσης επί εσπέρας των Αλβανών εις Μοναστήρι υπό Πέτρο Πα-
νίτσα Αλεξάνδρου και Πρίγολέκα, ήτα προσκαλέσω εις σπιτί συμβιβασμού ένα
μεταξύ του ειπε αυτών Νικολάκι Μίτσιο αυτανεψιό των προ αυτού αρχηγών
του, βεβαιών δια τον παρόντος ότι προσκαλέσα και υπογραμμαβούσησα τον αρχηγόν
συμβιβασμόν, και ότι εις το εξής θέλημάν έχω παρ' αυτού αξίωσιν και απαίτησιν. είναι
και όλοι αυτώ το παρόν ένα ισχύν ενώπιον των δύο μερών συμβεβασθήκα και σαν
λαχού όσα ότι και μένη σια σαν ήσυχος και ανενόχλητος, ως εξορίσας μάχας όπλαρ
θα αρχηγός Αυλαμήτης Πέτρο Παγούνης χρείη του, και ως σαν εξώθιεν του παρ αυτών εξαχθών
Ιω Ιανουαρίου, το όσιον πέρη μένει όλως άπυερα.

Την 18 Μαρτ 1868.

Τοχιδα.

Ο δηλών ο εκτεθέν υποφαίνων

" Αγγελής Κρύσης μαρτυρώ.
" Κυρίλλος Σ. Παζαίτσα γράφω ο μάρτυρ
" Δήμαρχος Χόμοσεν γράφω ο μάρτυρ
" Σάββας Μπαμπάλης γράφω και μάρτυρ
" Μεσσήνιος Θεόδ Μπάλιος
" Χρήστος Ν. Πέτρος μαρτυρώ

ΑΡΧΕΙΑ ΜΑΚΕΔΟΝΙΚΟΥ ΑΓΩΝΑ ΟΧΥΡΙΔΑ

Долу потпишаниот ополномоштен застапник на браќата Александар и Аристотели, синови на Петар Лагузу треба да им направи договор со вујко им Никола ~~Минче~~ Мишо во врска со долговите што им ги должи. Со ова ве уверувам дека ги исполнив споменатиот договор и дека за во иднина немам никакво барање. Затоа му го давам овој документ на оние кои ме ополномоштија и на оној што должи за да во иднина биде потполно мирен. И за да не го вознемируваат бидејќи им го исплатил долгот до последна пара на браќата Александар и Аристотели.

Стефан С.Парлитов
се потпишувам

На 18 март 1868 - Охрид

Ангеле Групче сведочам
Григор С.Пхрлица, сведочам
Димитри Родев
Петар Болазис, сведочам
Ѓеорги Петруш, сведочам

S.D. 1.831.1.16./318

СЛОВО, одржано при погребението на Катерина Сарафова во Охрид од Григор Прличев.

ракопис, општословенски јазик 1 л.
мастило виолетово
формат на листот: 17,3 см. x 21 см.
оригинал



При погребението на
Катерина П. Сарафова
во Солун

АРХИВ НА МАКЕДОНИЈА
ПОДАРЕНО ОД ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОХРИД

человѣкъ, якоже трава онїе бѣс; якоже цвѣтъ селнїй, тако пръцвѣтетъ.

Земята на хвїто живѣїме нашїй мрачнїй живѣтъ, не е нищо друго освѣнъ гровища. Нѣма ни една педа земя безъ гровъ. Кждѣто и да стѫпимъ, стѫпваме на гровъ. Земята не бѣ ни давала плодъ; нито могли бѣ; да ни дава плодъ; ако чє вѣше пръсѣтлѣна съ гровища. Ката минутя се скончават милїони живѣтнѣ; и ~~живѣтъ~~ торѣтъ нижнїй е Храма наша.

Суета суетъ! на тоя свѣтъ всичко е суетно. О! колко непостоянна е судбата! О! колко безъврѣно е жителского морѣ! О! колко злополучнїй часъ; когато, като гръмъ се разнесе гласътъ сє умрѣ Катерина Тарафова. О! Каква щета за Пансїона! О! каква загуба за Музѣтъ! О! колко сълзы наседжой се разстяхъ! како сѣтъ! О каква скърбъ за управители и управителкы, за учители и учителкѣ! Каква утрата за рода родинѣ, и за татковы пріятели! О! колко неутѣшно е положе: ніето на майкѣ ѝ! Ми се чинитъ оти ~~са~~ чакъ до Солунъ, слушамъ плачотъ нейзинъ, рѣданіето нейзино.

Катерина, още отъ прѣдъ мѣсецъ, знаеше че смѣртъ та ѝ се приближава. Како да вѣше извѣстена отъ агглы; ~~та~~ Катерина пророчи че ще умрѣ. Катерина си плетеше якѫ; и казваше на другѣкѣтъ си. Сє тая якѫ нѣма да ѝ носатъ за Великдень. Азъ ще си умрѫ; и вървайте, милы моы другѣкы; не ми е жалъ за менє только, колко ми е жалъ за домашнѣтѣ; а найвече ми е жалъ, дѣто нѣма никакъ да послужѫ на татковинѣтѣ си.

не, моля ви се, сѣ тая якѫ да не погребете. Ле ѝ носѣтъ надолѣ, поне подолѣ да ѝ носатъ.

и твій, Катерина, като Агглеска душа что вѣше, остави тоя земнїй животъ и отиде да живѣе вѣчно; ~~съ агглѣтѣ на кѫто приличашъ.~~ на мѣсто цвѣтно; дѣто нѣма ни болѣ, ни скърбь, ни болестъ, ни въздыханіе. Катерина вѣше ~~Софіе~~ подобіе на Бога; и отиде да живѣе при Бога. Катерина вѣше Аггелъ, и отиде да живѣе при Аггелѣтѣ. а ние, които жилѣме, трѣва да жалѣме сѣе, а не неѣ.

Когато страдаше Христосъ, тога страдаше и Кат: когато умрѣ Хр: тога умрѣ Кат:

О! Вы ученицы; и ученичкы; и всичкѣ присѣтствующи. Земайте урокъ. Има смѣртъ. Има ли или не? Трудѣте се всичкы да послужите на татковинѣтѣ си; да сторите всичкото добро, что можете да сторите. Великѣтѣ личности; историческѣтѣ личности; зачто сѣ станѣли велики и историческѣ? зачтото, всекога; день и ноцъ; сѣ мы: слиле; какъ да станѣтъ полезни на татковинѣтѣ си; и въвщѣ, какъ да послужатъ на човѣшкїй человѣческый родъ. животѣтъ е мѣченъ; да! животѣтъ е трудѣнъ и отвратителенъ. Но животѣтъ е добръ и милъ; когато човѣкѣтъ се труди да направи всичкото добро, което може да направи. Такывы человѣкъ има блаженство; не само въ бѫдущїй, но и въ настоящїй свѣтъ. А человѣкъ; който не дѣла добро и не го сторилъ, той е мъртвъ; мъртвъ е; не само прѣдъ вѣчнїй сѫдъ, но и прѣдъ сѫдъ на человѣчество; кога живѣлъ? кога умрѣлъ? никой нѣма да узнае. Занего не трѣва нищо друго, освѣнъ само 4 хамали; които ке го носятъ на гровища; и ке го носятъ; не съ молитвы и пѣсни пѣнія, но съ хулѣ и псувни.

То значи че такъвъ человѣкъ не умрѣлъ како человѣкъ но како скотъ. но [illegible]

дайте послѣдното цѣлованіе.

О/VII

ДЪРЖАВЕН АРХИВ

1882, октомври 13, Охрид 1.831.1.28./344-

КРСТЕН ЛИСТ на синот на Григор и Анастасија Прличеви - Кирил, роден на 15.IV.1874 година во Охрид, издаден од Охридската архиепископија на ден 13.XI.1882 година.

машинопис, печатни букви и
ракопис 1 л.
мастило виолетово
оригинал
формат на листот: 16,5 см. x 27 см.



ОХРИДСКА АРХІЕПИСКОПІЯ


Свидѣтелство за Свето-то КРЪЩЕНІЕ

Съ настоящето се обявава че текущата година 1874 на 15/4 родися чрѣзъ законно съпружество отъ православны родители Българы Г-на Христаки Трпчевъ и Г-жа Анастасия отроче Женско полъ въ приходътъ Врабѣ ... което се кръсти по въсточно православныи обрядъ въ църкви-тѣ Св. Врачи ... отъ священника П. Никола ися наименова въ Св. кръщение Кирилъ Въспріемникъ отъ Священи-тѣ купѣль му быде Мицко Пенде ... Въ увѣреше на това дава се настоящето да му послужи гдѣто е нужно

ОХРИДЪ 13. Октомврии 1882

№ 2847.

Попъ Христо Жалевъ



ЛИТ. ИГНАТІЙ К. ЦВѢТКОВЪ ВЪ БАЛКАПАНЪ, ХАНЪ № 23


S.D.

1.831.1.13./313


"СЛОВО ЗА МЛАДИТЕ" писано од Григор Прличев.

ракопис, општословенски јазик 1 л.
мастило црно
формат на листот: 21 см. x 33 см.
оригинал





57



БЛАГОДАРНИЦА

Проектот е одобрен и финансиран од Министерството за култура на РМ

Ви благодариме за Вашето учество
и искрена поддршка
за реализација на проектот:

„ Прличевата 1762 лето – симбол на непокорот на Македонецот“

...„Еден чоек, шчо не си ја милвит таткојната,
појќе од татка и мајка и појќе од себеси,
тој не можит да бидит чесен чоек“...

Г. Прличев
12 Јуни 1866 г. Охрид

Д-р. Димитар Пандев
Владо Жура
Отец Никола Христоски
Државен Архив на РМ
Подрачно одделение - Охрид
Винарија Охрид
Александра Белевска
Елена Долоска
Милчо Јованоски

Со почит
НУ Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид

Директор,
Александра Белевска

Охрид, Јуни 2012

СПИСОК НА ДЕЛА ОД ПРЛИЧЕВ И ЗА ПРЛИЧЕВ
КОИ ГИ ПОСЕДУВА НУ-БИБЛИОТЕКА „ГРИГОР ПРЛИЧЕВ“ - ОХРИД

1. Григор С.Прличев - 1893-1953 по повод 60-годишнината од смртта на Григор С.Прличев - Автобиографија, Сердарот, Уредник Ацо Шопов, Предговор на Димитар Митрев, “Кочо Рацин” - Скоје 1953г.

2. Григор С.Прличев - Одбрани страници, Уредник Георги Старделов, Приредил Тодор Димитриовски - “Кочо Рацин” - Скопје 1959 г.

3. Григор Прличев - Скендербег, Препеал Георги Сталев, “Кочо Рацин” - Скопје 1961 г.

4. Григор Прличев - Сердарот, “Кочо Рацин”-Скопје 1962 г. препев Ѓорѓи Сталев

5. Григор Прличев, Приредил Тодор Димитровски, “Кочо Рацин” - Скопје 1963 г.

6. Григор Прличев - Сердарот, Уредник Душко Наневски, “Кочо Рацин” - Скопје 1965 г.

7. Григор Прличев -Сердарот, Приготвил Георги Сталев, Народна задруга-Скопје 1965 г.

8. Григор Прличев - Сердарот, Уредува Душко Брдарски, “Наша Книга” - Скопје 1967 г.

9. Григор Прличев - Автобиографија, Уредник Александар Ежов, Македонска книга-Скопје 1967 г.

10. Григор Прличев - Сердарот, Автобиографија, Уредник Ристо Ѓ.Јачев, Мисла - Скопје 1968

11. Григор Прличев - Сердарот и Скендербег, Препев Георги Сталев, Мисла - Скопје 1971 г.

12. Григор Прличев - Сердарот, издадена од Мисла-скопје 1973 г. приредил Георги Сталев

13. Георги Сталев - Григор Прличев, Прилог:Сердарот, Мисла - Скопје 1973 г.

14. Григор Прличев - Автобиографија, Уредник Душко Наневски, Македноска книга-Скопје 1974 г.

15. Григор Прличев - Собрани текстови, Приредил Тодор Димитровски, Македонска книга-Скопје 1974 г.

16. Григор С.Прличев - Скендербеј, Уредник Душко Наневски, Македонска книга-Скопје 1974 г.

17. Беседи за Прличев - Јубилејно издание Скопје 1980, печатено од Графички завод “Госе Делчев” - Скопје

18. Тодор Димитровски - Григор Прличев, Прилог: Сердарот, БИД “Мисирков” - Битола 1983 г.

19. Григор Прличев - Мартолозот, од грчкиот оригинал препеал Михаил Д.Петрушевски, Македонска книга-Скопје 1983 г.

20. Григор Прличев - Избрани творби, Приредил Томе Саздов, Мисла, Македонска книга - Скопје - 1985 г.

21. Стојан Ристески - Григор Прличев, издадена 1989 г.

22. Радомир Ивановиќ - Григор Прличев во светлината на романтизмот, издадена 1990 г.

23. Григор Прличев - Избор, Приредил Томе Саздов, Мисла-Скопје 1991 г.

24. Григор Прличев - Водач ме праќа татковината - Матица Македонска 1993 г., Избор, поговор и коментари Ђр Наум Целакоски

25. Григор Прличев - Воспитание или дванаест песни за деца, Детска радост - Скопје 1993 г., Помакедончил Гане Тодоровски

26. Коста Фортомар - Прличев - Горд Самјак, издадена 1993 г.

27. Григор Прличев - Сердарот, Осовременил Тодор Димитровски, Детска радост - Скопје 1995 г.

28. Григор Прличев - Запис за Одисеј од Хомер, Предговор, преводи дешифрирање на текстот Томе Саздов, Детска радост 1996 г.

29. Григор Прличев - Сердарот, Детска радост - Скопје 1996 г., препев Георги Сталев

30. Григор Прличев - Скендербеи, Уредник Михаило Поповски, Уредил Георги Сталев, Издавачка куќа БУВ - Скопје 1997 г.

31. Маринела Јовановиќ - Охридската библиотека "Григор Прличев", Летра 1998 г.

32. Григор Прличев - Автобиографија, Предговор, превод и прилози Тодор Димитровски, Детска радост - Скопје 1999 г.

33. Анастасија Ѓурчинова - Прличев и Ариосто или за смеата и меланхолијата, Магор 2002 г,

34. Григор Прличев - Сердарот, Автобиографија, Главен уредник Раде Сиљан, Матица Македонска 2002 г.

35. Гане Тодоровски - Книга за Прличев, издадена 2002 г.

36. Никола Бошале - Григор Прличев и големата обнова на животот, Завод за заштита на спомениците на културата и Народен музеј, 2003 г.

37. Григор Прличев - Сердарот, Препеал од грчкиот оригинал Паскал Гилевски, Матица Македонска 2005

38. Григор Прличев - Персонална библиографија, Составиле, уредиле и редактирале: Благој Николов, Елена Долоска, Мариче Боздоганова, 2008 г

39. Григор Прличев, Скендербег, Адаптација на македонски литературен јазик Паскал Гилевски, Матица Македонска 2008 г.


Н.У. БИБЛИОТЕКА "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ"-ОХРИД
ЛИТЕРАТУРНА ДЕБАТА
ПРЛИЧЕВАТА
1762 ЛЕТО
-СИМБОЛ НА НЕПОКОРОТ
НА МАКЕДОНЕЦОТ
ОХРИД. 6 ЈУНИ 2012


Н.У. БИБЛИОТЕКА "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ"-ОХРИД
ЛИТЕРАТУРНА ДЕБАТА
ПРЛИЧЕВАТА
1762 ЛЕТО
-СИМБОЛ НА НЕПОКОРОТ
НА МАКЕДОНЕЦОТ
ОХРИД. 6 ЈУНИ 2012







КОЈ СЕ́ ЈА ИЗВЕДУВАЛ ПРЛИЧЕВАТА „1762 ЛЕТО“ ...

Митко Колјушески и Венко Пашоски „Песна за патрикот“ (1762 лето)
http://www.youtube.com/watch?v=k5RJk_TIJR8

Наум Бурназ - „1762 лето“ http://www.youtube.com/watch?v=9LglJyqt_Zg

Група ЧАРДАК - Охрид http://www.youtube.com/watch?v=KwrBMwyapko

Ансамбл БИЉАНА - Охрид http://www.youtube.com/watch?v=FiK9Ousz-Io

МИЗАР - „1762 лето“ (верзија од 2004 год.) http://www.youtube.com/watch?v=g6Uq4A9ejjo

СИЛВИ БЕНД - „1762 лето“ http://www.youtube.com/watch?v=6Pw-JT3a7ZE

Диме Поповски - „1762 лето“ http://www.youtube.com/watch?v=qEQfKO7GF9E

Ристе Наумоски – Виолинчето - „1762 лето“ (инструментал)
http://www.youtube.com/watch?v=vRP52rs4nCg

Сашо Гигов – Гиш - „1762 лето“
http://www.youtube.com/watch?v=q_KnojwL4FY&list=UUNRLTLzTf1haRfv1sbiy-SQ&index=3

МИЗАР И ХАРМОНСИ - „1762 лето“ http://www.youtube.com/watch?v=fw59REYUvK0



Митко Колјушески – група „Конак “

Многу одамна прочитав дека таа песна ја напишал Григор Прличев. За прв пат многу мал дел, една – две строфи, слушнав пред четириесеттина години на една седенка зачинета со јадачка, пијачка и секако со музика и песна . Подоцна ја сними ансамблот „Билјана“ од Охрид. Арно ама, само делумно, односно осум строфи. Ме обзеде, ме зароби со самата содржина и мелодија. Ми прозвучи вонземно, небески. Како што одминуваа годините во мене се вгнезди мисла, една желба, за да ја извадам на видело со сета нејзина содржина. Со Божја помош ми се исполни сонот и желбата. Заедно со мојот колега, пријател и познат музичар Венко Пашовски од Охрид го зедовме текстот и подолго време ја анализиравме песната, заради нејзината должина.Направивме еден вид драматизација и ја поделивме на четири дела. Со сета нејзина содржина од 18 строфи во траење од 10 минути и 52 секунди ја ставивме на албумот со групата „Конак“ од Охрид под реден број 10. Во чест на патрикот Арсенија ја насловивме „Песна за Патрикот“, а нашиот албум ЦД го насловивме „За Патрикот “. Песната и албумот ги снимивме во 2005 година во студиото „Китрозон“ на Димче Китрозоски од Охрид. На наше пријатно изненадување и големо задоволство, песната е прифатена од голем број слушатели во Македонија и ширум светот, како и од стручната музичка јавност. Најмногу ме радува помислата дека зад нас, за идните поколенија оставаме еден наш историски – музички документ, произведен во Охрид, во Македонија.



Наум Бурназ

Инспириран и иритиран од секојдневната, долгогодишна негаторска политика на нашите соседи и пошироко, кон нашата мила татковина Македонија јас решив да ја снимам за Радио телевизија Скопје „Песна за патрикот“ или „ 1762 лето “ Оваа песна е испеана на текст од нашиот Григор Прличев и е создадена врз база на вистинити сознанија и инспирирана од нашата историја. Во тие бурни години нашиот патријарх Арсениј е повикан во високата Вселенска патријаршија во Цариград и под присила е натеран да даде оставка од патријарх на Охридската архиепископија. По што Охридската архиепископија е укината.

Јас, Наум Бурназ – роден охриѓанец на мое огромно задоволство ја снимив оваа песна во деведесеттите години од минатиот 20 век. МРТВ направи спот и на Меѓународниот ТВ фестивал во Неум ја освои втората награда. Спотот е снимен во црквата Св. Богородица Перивлепта или по наше, охридски, црквата Св. Климент.



Џеват Рамаданоски - група „Чардак“

Групата „Чардак“ од Охрид постои околу 20 години. Во нејзиното опстојување доаѓаше до персонални промени, се менуваа повеќе инструменталисти. Сите тие своевремено оставија белег во секојдневниот културен живот во Охрид и пошироко. Првиот состав на групата „Чардак“ функционираше во периодот од 1993 до 2001 година. Горан Кулезановски – гитара, Џеват Рамаданоски – виолина, Ташко Лабровски – Таши – контрабас и Златко Јолакоски – хармоника. Во овој состав снимивме два албуми: „Свирете ноќва“- 1998 г. и „Старограднски бисери “ 2000 г. Сега во „Чардак“ наместо Таши и Горан членуваат Глигор Гига Фармакоски – контрабас и Александар Зимоњиќ – гитара.

Песната „1762 лето“ се најде на нашиот прв студиски албум снимен во студиото „Кларион“ во август 1998 г.

Зошто ја одбравме оваа песна? Долгогодишното искуство, свирејќи на повеќе места во Македонија и надвор од неа, по ресторани и домашни веселби „1762 лето“ не поминуваше незабележана од тие што ја знаеа или ја слушаа за прв пат. Оваа песна секогаш привлекуваше внимание и кај домашните и кај странските гости. „1762 лето“ знае да го плени слушателот и со текстот и со мелодијата. Странците не ја разбираат пораката пренесена преку песната, но мелодијата влегува длабоко во нив, галејќи ги нивните души. Тоа е повеќе од доволна причина да прашуваат која е оваа песна и што се пее во неа? На тој начин и тие се запознаваат со содржината на песната и индиректно со историјата на Охридската архиепископија. Ретки се моментите, а за нас уметниците тоа е желба, гордост и чест кога цела публика на пример во кафеана ќе ги прекине разговорите на маса и со внимание го следи оркестарот. Со „1762 лето“ и нејзината изведба тоа ни се случува често.





Јован Поп Стефанија – ансамбл „Билјана“ – Охрид

Како ансамбл кој всушност е четвртата трубадурска генерација на нашиот град и својствено ја негува охридската, а воедно и македонската староградска песна чувството да се изведува песната „Илјада и седумстотин шездесет и второ лето“ преставува не само задоволство, туку и обврска.

Оваа песна која и ако е напишана во 19 век, до ден денес таа е свежа, нова и реално на многу мек, но, сепак остар тон ја раскажува македонската внатрешна борба, македонскиот непокор.

Ние како ансамбл секогаш кога ја изведуваме оваа песна стоиме гордо и со испревена глава и секогаш така ќе биде. Одлучивме песната „1762 лето “ да се најде на нашето ново ЦД кое излегува наскоро и тоа во оригинал со сите 18 строфи.



Влатко Плевнеш - „Силви бенд“

Идејата да се сними оваа прекрасна песна ја носев во себе повеќе од 10 години. Но, ми требаше многу време да размислам околу аранжманот бидејќи навистина е квалитетна и сакав на еден друг музички пристап да ја обработам и да им ја претставам и приближам на младите и светот. Инаку, песната „1762 лето“ ја слушам цел живот уште од дете, но сега некако почна да ми се подзаборава и да ја нема така што сакав повторно да ја оживеам. Бидејќи, Григор Прличев ја има опеано вековната тема на еден висок стил, така што и мене ме мачеше овие десетина години да смислам квалитетен аранжман, каков што заслужува оваа песна.

При секоја изведба кај нас буди посебни чувства и задоволство ми е да ја прикажам нашата македонска вистина, секогаш актуелна на целиот свет.

Наидов на големо разбирање и поддршка на моите чувства кај Силви која со голем жар тоа го покажува во својата интерпретација при секоја нејзина изведба.



...„Еден чоек, шчо не си ја милвит таткојната,
поќе од татка и мајка и поќе од себеси,
тој не моќит да бидит чесен чоек“...

Г. Прличев
12 Јуни 1866 г. Охрид

СОДРЖИНА:

М-р Милчо Јованоски: „ПРЛИЧЕВ - ВЕЧНА ИНСПИРАЦИЈА“ 5

Владо Жура: ЖИВОТОТ ВО ОХРИД ВО 19 ВЕК 10

Д-р Димитар Пандев: ОБЕДИНУВАЧКАТА МОЌ НА ПЕСНАТА „ХИЛЈАДА И СЕДИМСТОТИН ШЕСТДЕСЕТ И ВТОРО ЛЕТО “ 14

Свештеник Никола Христоски: ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА – ТЕМЕЛ И СТОЛБ НА МАКЕДОНИЈА 25

Дискусија 29

Песна „1762 лето“ 36

Документи од фондот Григор Прличев од Државен архив на Република Македонија – подрачно одделение во Охрид 38

Список на дела од Прличев и за Прличев кои ги поседува НУ-Библиотека „Григор Прличев“ – Охрид 60

Фотографии од Литературната дебата „Прличевата 1762 лето – симбол на непокорот на Македонецот“ 62

Кој сé ја изведувал песната „1762“ лето? 64